# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 февруари 2001 година

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија, со почеток во 15,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Стојан Андов претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Радомир Карангелески и Чедо Петров ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата од системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

66 пратеници го притиснале копчето, а има 78 картици.

Според тоа, констатирам дека присуствуваат мнозинство пратеници на седницата и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на РМ г-дин Борис Трајковски и претседателот и членовите на Владата на РМ.

Со оглед на карактерот на прашањето што се предлага да се разгледува на оваа седница, предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 53 гласале за, еден гласал воздржано, еден гласал против.

Процедурална интервенција бара г-динот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, сакам на почетокот на седницата да направам една мала процедурална интервенција во смисла на единствената точка од дневниот ред што ќе биде на денешнава седница, бидејќи помина Предлогот да не се дополнува дневниот ред.

Но, пред да ја направам процедуралната забелешка, сакам да кажам дека пратеничката група на ВМРО Вистинска македонска реформска опција се враќа на седницава принципиелно за една ваква точка за да даде полн придонес и учество во работата на Парламентот. Навистина, нам ни е жал што и во претходните законски проекти што поминаа низ Собранието не дадовме придонес во работата на Парламентот, полн придонес. Сметавме дека можевме да дадеме, посебно за некои законски проекти што беа во изминатиот период, а на кои што не бевме присутни. Меѓутоа, не најдовме заеднички јазик и разбирање овде во Парламентот и навистина ми е жал. Мислам дека ако точката на дневен ред беше многу порано, пред еден месец, и Парламентот и јавноста и сите аспекти на решавање на проблемот ќе беа поголеми. Меѓутоа, тоа е работа за која ќе дискутираме во текот на точката. Да не ширам по тоа прашање бидејќи веројатно во текот на расправате по тоа прашање доста ќе се дискутира. Сакам да дадам една наша забелешка и видуваше на самата формулација на точката. Имено, јас мислам дека ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа веќе не е деловничка забелешка.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Што не е? Формулацијата на точката на дневен ред?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Под тоа што сакате да го дадете ќе отворам расправа. За тоа после.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Формулацијата?

**СТОЈАН АНДОВ:**

После за формулацијата. Не сме дошле до формулацијата. Не сме дошле до формулацијата, ве молам.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Добро, го задржувам правото кога ќе биде формулацијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Правото е ваше.

Г-дин Кирил Андоновски, процедурална забелешка.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Јас мислам треба да дадете дали има изменување или дополнување на предложениот дневен ред за да можеме ние да кажеме нешто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Чекајте, не сме дојдени до тоа.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Јас имам предлог...

**СТОЈАН АНДОВ:**

После е тоа. Значи, нема процедурална забелешка.

Значи, констатиравме дека предлогот е усвоен.

За седницата го предлагам следниов дневен ред.

Информација за констатациите и сознанијата на Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање во врска со масовното прислушување на разговори на носители на јавни функции, новинари и граѓани на Република Македонија од страна на државни органи.

Што е сега, решивме нема друга точка.

Да видиме сега деловнички што ви е намерата.

Има збор г-дин Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Ви благодарам г-дине претседателе.

Како што ја прочитавте единствената точка од дневниот ред Информација за констатациите и сознанијата на Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање во врска со масовното прислушување на разговори на носители на јавни функции новинари и граѓани на Република Македонија од страна на државните органи, сметаме дека вака формулираната точка на дневниот ред, ваквата формулација и вака поставена во стартот, не дава доволно, не ја опфаќа полната ширина на аспектот на проблемот на аферата на прислушувањето. Имено, сепак, вака формулираната точка сметаме дека е потесна рамка и не ја дава ширината на иницијативите дадени на почетокот на аферата на прислушување. Имено, знаеме аферата и предлогот за ставање на аферата на дневен ред на Собранието беше дадено од пратеничката група на СДСМ, подоцна слична иницијатива имаше пратеничката група на ДА, на која се надоврза иницијативата на ВМРО -Вистинска.

Сметам дека во дневниот ред требаше да стојат и прашањата по тие иницијативи, а ќе образложам зошто.

Сметам дека со тоа пратениците, можеби, ќе имаат увид во повеќе материјали бидејќи сега сме стеснети само со Информација од телото, од Комисијата формирано од Парламентот на РМ. Тие ќе ги имаат пошироките информации, покомплетните, додека со ваквата формулација ние, до сега, како пратеници имаме добиено само извештај од работата на ова тело. Другите релевантни податоци важни за работата на еден пратеник, односно дадени информации, не беа достапни се до денешната седница на другите пратеници. На пример, материјалите од прислушувањето што беа доставени до Комисијата и врз основа на кои разговарање Комисијата сепак до денеска не се дадени до пратениците. Мислам дека ваквата формулација не дава ширина да се прошират сознанијата за материјалите дадени на Комисијата.

Затоа сметам дека ваквиот начин на формулација на ова информација дава, сепак има во неа чувство за манипулација, дека не се дава ширина на иницијативата дадена на почетокот и се сака, сепак, се провлекува една политичка димензија дека иницијативата е потекната од друго место а не од таму од каде што е дојдена иницијативата.

Сметам дека ако беше формулирана оваа точка дополнета и со потребата да се зборува по информациите, ќе дадеше поголема ширина да се зборува за аферата прислушување, што сепак е поширока од колку самата Информација. Така што ние сме подготвени да разговараме и по ваква точка. Мислам дека дискусијата ќе биде плодотворна, дека ќе се движи во вистинска насока, меѓутоа формулацијата што ние сметаме дека ќе беше поисправна, сепак ќе дадеше една вистинска слика, повистинска слика на она што се случуваше во минатиот месец околу оваа афера. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, ова не е деловнички спор. Тоа ќе биде дел од дискусијата ваша после.

Г-динот Кирил Андоновски има збор.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Јас мислам дека, почитуван претседателе, постапката добро ја водите во поглед на оваа афера што се случи. Меѓутоа, сметам дека Информацијата, вака како што е предложена не соодветствува на содржината.

Зошто не соодветствува, можам да наведам дека во поглед на масовноста што е релативен поим и во поглед на државните органи. Бидејќи во Информацијата не е никаде кажано и не е спомнато, ниту е утврдено дека се вршело прислушкување од државните органи.

Поради тоа предлагам Информацијата да гласи - Информација за констатациите и сознанијата на Комисијата

за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање во врска со прислушување на разговори на носители на јавни функции, новинари и граѓани на РМ. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, меѓутоа ова е материјал што ни го изготви Комисија. Насловот на Информацијата не мора и нетреба да ја одразува содржината, затоа што овој наслов произлегува од барањата за итната седница. Така беше формулирано. Тоа е нивната работна задача. Тоа не значи дека така било. Во Информацијата ќе стои точно како било. А, Информацијата е по тоа прашаше. Цело време по тоа прашање работеше Комисијата. Тоа е материјал на Комисијата. Ќе се цени содржината а не...

Уште една деловничка интервенција.

Има збор г-динот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Како член на Комисијата морам да ве известам дека образложението што го даде г-динот Поповски во врска со насловот, рече дека тоа е ваше формулирање на точка на дневен ред. Дека вие на самото Претседателство ја формулиравте точката онака како што е понудена. Така што мора да расчистиме некои работи пред македонската јавност...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Информацијата со таков наслов.. .

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Или г-дине претседателе вие да ни одговорите дали е тоа ваше дело или е тоа фабрикувано од г-динот Поповски како претседател на оваа Комисија. Мене не ми е јасно сега кој што правел во оваа ситуација, затоа што стриктно баравме, како членови на Комисија, тоа што е последен збор "државни органи" да се избрише, затоа што нема локација, не е лоцирано од каде е вршено прислушувањето. А вие, со ова прејудицирате однапред дека постои кривец и го лоцирате, т.е. го лоцираат и јасно покажуваат со прст.. Мислам, не доведувате во една апсурдна ситуација.

Повикајте го г-динот Поповски како претседател на Комисијата да одговори што се случувало меѓувремено, дали е тоа што го понуди на самата Комисија е валидно како образложение. Толку сега за сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Комисијата работеше по барањето. Барањето беше Барање за свикување на итна седница на Собранието на РМ за најкраток можен рок со точка на дневен ред Информација за масовно прислушуваше на разговори на носителите на јавни функции, новинарите и граѓаните на РМ од страна на државните органи. Тоа е барањето. По тоа Барање вие дадовте Информација. Вие со Информацијата одговоривте. Во текстот стои дека немало прислушување и не сте нашле прислушување. Меѓутоа, тоа ви е во текстот, не ви е ...

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

(Зборува од место).

Не стои дека немало прислушување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, добро, читам јас добро и вие читајте добро. Да, да. Ќе си читате убаво се, се ќе си биде добро.

Според тоа, седницата ја свикавме по иницијативата што ја дадоа овие две политички партии. Седницата е по барањето од СДСМ и по барањето од ВМРО-ВМРО. И тоа барање јас го упатив до Комисијата и Комисијата нема друго што да работи туку по тоа барање да работи и да направи информација. Според тоа, нема тука ништо спорно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега одиме натаму.

Амди Бајрам бара збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитуван г-дине Премиеру, почитувани министри, колеги пратеници, јас би сакал деловнички нешто да кажам во Собранието мимо дневниот ред.

Ние, кога пројдовме со власта, пројдовме четворица пратеници како независна група. Од денеска изјавувам дека јас, во Собранието, не сум независен пратеник и се одвојувам од групата независна. Останувам како претседател на Сојузот на ромите и нормално сакам да се знае во Собранието дека јас, како претседател на партија не сакам да бидам како независен пратеник. Си останувам како претседател на партија и како што ми останува редот, нормално останувам со власта за која сум се определил. Тоа да биде расчистено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Кирил Андоновски:

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, Вие постапивте, Претседателството, неформално тело постапило според барањето. Меѓутоа, дневниот ред се утврдува на седница на Собрание и предлозите што произлегуваат,

другите предлози треба да се ставаат на гласање.

Сепак, заради конструктивноста се повлекувам, а инаку требаше да го предложите мојот предлог. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, го повлекувате предлогот. Благодарам.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

98 гласале, 85 пратеници гласале за, 10 пратеници гласале воздржано а 3 пратеници гласале против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката од дневниот ред - Информација за констатациите и сознанијата на Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнување и на Агенцијата за разузнавање во врска со масовното прислушување на разговори на носители на јавни функции, новинари и граѓани на РМ од страна на државни органи.

Информацијата, предлогот на заклучоците, Извештајот на Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам кој бара збор.

Збор има г-дин Љубомир Поповски.

Процедурално има збор г-динот Никола Поповско.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас сум пријавен за процедурално па би сакал да расветлам еден момент што мислам дека е многу битен за точката на дневен ред.

Имено, точката што гласи така како што ја утврдивме, да не повторувам, е со долг наслов е тема на дневен ред во Собранието, за која тема во Владата на РМ има надлежен ресор и надлежен министер во врска со безбедноста. Сведоци сме дека пред неколку денови соодветниот министер, надлежен за сферата на безбедноста, тоа е министерот за внатрешни работи во јавноста ја соопшти својата оставка.

Мислам дека ќе биде многу значајно за текот на расправата пред да почнеме да расправаме, а гледам дека премиерот е присутен на седницата, да добиеме одговор барем на неколку релевантни факти за да можеме да расправаме.

Прво, дали во овој момент г-гицата Доста Димовска е министер во Владата на РМ со оглед на поднесената оставка.

Втората дилема во врска со нејзиното присуство очигледно се надминува. Меѓутоа, пред да работиме мислам дека е битно да имаме и информација дали таа оставка е во ситуација на министер во оставка, дали е прифатена, дали е одбиена, да знаеме кој министер за оваа работа е надлежен во име на Владата пред Собранието на РМ.

Пред да започнеме со расправа, би замолил да имаме информација од Владата затоа што сметам доколку оставката е прифатена, како што е редот според Уставот, требаше прво да ја констатирате вие како претседател, согласно членовите од Деловникот и законот кои се однесуваат на тоа. Гледам дека се прескокна тоа, па молам да бидам информиран како пратеник за оваа ситуација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако имав писмо дека е прифатена, ќе ве известев и ќе го констатирав тоа.

Има збор премиерот на Владата на Република Македонија, г. Љубчо Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, и покрај тоа што сметам дека оваа информација не е од битен карактер за расправата на точката на оваа седница, сепак, го почитувам мислењето и прашањето на пратеникот Никола Поповски, па да дадам одговор на неговото прашање и дополнување на информацијата.

Оваа точка ја расправавме на Владата пред малку и заради тоа жалам што некои министри се уште не се присутни затоа што едноставно продолжија да ја завршат седницата без моето присуство.

Што се однесува на конкретното прашање, веќе го дадов мојот став на Владата која пред малку заврши дека како премиер на Владата на Република Македонија сметам дека треба да ја одбијам оставката, која беше дадена од морални причини од министерот за внатрешни работи и сметам дека дополнителните објаснувања ќе бидат соопштени и во вид на информирање на јавноста преку соопштение, а верувам дека во самата дискусија многу од аргументите ќе бидат кажани. Се надевам дека на тој начин ви ја објаснив оваа непозната за дискусијата на самата седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Љубомир Поповски:

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, ќе ми дозволите во својство на претседател на Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање да поднесам воведно излагање. Јас се надевам дека ќе имате трпение и сакам веднаш на почетокот да укажам дека оваа комисија која брои само седум членови успеа за ваква крупна политичка афера, која не се случувала во Република Македонија досега, да излезе пред македонската јавност со конкретна информација и со конкретни предлог заклучоци, за разлика од некои минати времиња, каде што тоа не се успевало со многу долго време на работење на ваква или слична Комисија.

Врз основа на заклучокот на Претседателството на Собранието на Република Македонија, од јануари 2001 година, да се разгледа барањето за свикување на итна седница на Собранието во врска со Информацијата за масовно прислушување при крајот на 2000 година, на разговори на носители на јавни функции, новинари и граѓани на Република Македонија, од страна на државни органи, Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање одржа седница на 25 јануари 2001 година и утврди методологија за начинот на својата работа.

Комисијата доставените материјали ги разгледа од аспект на законитоста во спроведувањето на овластувањата, дали методите и средствата на безбедносните органи се во согласност со законите и почитувањето на правата на граѓаните и утврдување на елементи на пречекорување на овластувањето на државни органи и нивните носители.

Врз основа на тоа, Комисијата заклучи дека појавата на прислушување на актуелни и бивши функционери, новинари и граѓани е спротивна на член 17 од Уставот на Република Македонија, на законските одредби, демократските процеси и остварувањето на основните човекови права и негативно се одразува врз функционирањето и работењето на институциите на системот и безбедноста во државата.

Исто така се констатира дека прислушување имало врз основа на доставените материјали до Комисијата, исказите и јавните изјави на инволвирани лица, било пред судските органи, било во јавните медиуми и дека прислушувањето е масовно по опфат и содржина.

Се оцени дека прислушувањето е политички мотивирано од причини што се прислушувани пратеници, носители на високи јавни функции, новинари и граѓани.

Комисијата оцени дека треба да се преиспита дали покрај надлежните институции: Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Агенцијата за разузнавање опрема за прислушување поседуваат и други правни и физички лица, при што од битно значење е да се утврди кој дал наредба со која намера и со каква цел и кои се корисниците на прислушуваните материјали.

Исто така, се констатира дека е потребно да се побараат информации од: Министерството за внатрешни работи дали располага со оперативни средства со кои може да се осознае постоење на паралелни системи за прислушување; од Министерството за одбрана дали располага со оперативно технички средства за прислушување и од кој вид се и за каква намена и од АД "Македонски телекомуникации" со каков вид техничка опрема располага што овозможува прислушување, за кои намени и корисници е предвидена и писмено се обрати до истите.

До Комисијата писмени информации се доставени од Министерството за внатрешни работи, Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање, Министерството за одбрана и Јавното обвинителство на Република Македонија, а бараната информација од АД "Македонски телекомуникации" не е доставена.

Комисијата се обрати до Министерството за финансии да достави известување во писмена форма, дали предвидените средства со Ребалансот на Буџетот за 2000 година во Раздел 09002 - Министерство за финансии - функции на државата, ставка 444, потставка 444235 - недефинирани мерки, се реализирани и за кои намени, како и за распределувањето на средствата предвидени по овој основ кој износ за 2001 година изнесува 4.710.000.000,00 денари, врз основа на кои критериуми, намени и кој ќе одлучува по истото. Министерството за финансии не ја извести Комисијата за бараните податоци.

Во Информацијата добиена од Министерството за внатрешни работи се вели дека нема правна основа, ниту во практиката е постапувано надвор од законите и подзаконските акти со примена на оперативно технички средства, вклучувајќи го и телефонското прислушување, да се прислушуваат јавни личности, политички лидери, новинари и граѓани од Република Македонија. Министерството за внатрешни работи согласно законите и подзаконските прописи (Упатството на Министерството за внатрешни работи од септември 1998 година) применува оперативно технички средства и мерки само заради откривање и попречување на разузнавачка, терористичка или друга организирана нелегална дејност насочена кон загрозување на системот на државната и јавната безбедност. За расветлување на прислушувањето на јавни личности во Република Македонија од страна на државните органи, Министерството за внатрешни работи на 22.01.2001 година формира Комисија за расветлување на прислушувањето со задача за осознавање на евентуални пречекорувања на службената положба и овластување од раководни работници во Министерството и на другите државни органи за откривање на идентитетот на изворот на прислушување, како и можноста од упад во телекомуникацискиот систем на Македонски Телеком.

Комисијата доби во писмена форма известување од Јавниот обвинител на Република Македонија дека Јавното обвинителство превзема активности согласно законските прописи во правец на судско постапување, односно преземање одделни истражни дејствија против непознат сторител за кривично дело "Неовластено прислушување и тонско снимање" од член 151 став 4 во врска со став 1 од Кривичниот законик. Предлогот за превземање одделни истражни дејствија Основното јавно обвинителство на 22.01.2001 година го доставило до Основниот суд Скопје I - Скопје, со што се покренува судска постапка. Понатаму во известувањето се кажува дека во текот на истрагата во својство на сведоци се распрашани инволвираните лица во масовното прислушување, лица од највисокиот врв на државата, пратеници, носители на јавни функции, новинари и други граѓани (наведени со име и презиме), кои во своите изјави пред Судот ја потврдуваат вистинитоста на содржината на телефонските разговори.

Министерството за одбрана достави информација во која не известува дека не располага со оперативно технички средства за следење и прислушување, како на мобилната, така и на фиксната комерцијална телефонија. Министерството за одбрана располага со одреден број на средства за електронско разузнавање, врз основа на надлежностите согласно законските прописи.

Комисијата на 29 јануари 2001 година, оваа Комисија Собраниска оствари работна посета во Министерството за внатрешни работи и обави разговор со в.д. директорот на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и началникот на Управата за оперативна техника. В.Д. директорот на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање на прашањето за нивните сознанија за поседување на опрема за прислушување од страна на други правни и физички лица во државата, покрај надлежните институции, одговори дека истрагата е отворена и дека по добивањето на резултатите од истрагата ќе се дадат дополнителни информации.

Во врска со можноста Министерството за внатрешни работи да располага со оперативно технички средства за осознавање на паралелни системи за прислушување, началникот на Управата за оперативна техника информираше дека Министерството не располага со соодветна опрема за ваква намена.

Од увидот во деловодните протоколи за доставени предлози и решенија за примена на оперативно технички средства, спрема кои се применуваат определени оперативно технички средства и мерки се констатира дека нема прислушување на инволвираните лица.

Членовите на Комисијата во Управата за оперативна техника остварија непосреден увид во оперативната техника, каде беа информирани дека покрај постојната оперативна техника која служи за прислушување на базична телефонија, има и нова опрема, чии делови сукцесивно се набавени во 1999 и 2000 година, која не е целосно монтирана и која служи за прислушување на мобилна телефонија.

Од интерес за членовите на Комисијата беше прашањето какви се сознанијата за упад во оперативниот систем за прислушување од страна на други држави, вклучително и соседните земји. Началникот на Управата за оперативна техника одговори дека теоретска можност постои и дека Управата која располага со

опремата во соработка со Македонскиот Телеком, уште еднаш ќе ги испитаат сите можности и опции. За ова побарана е помош и од странски институции, односно држави со кои се соработува.

На прашањето, дали при инсталирањето на оптичките кабли е вршен надзор од страна на надлежен орган со цел да не се користат одреден вишок на кабли за прислушување од други ненадлежни субјекти, претставниците на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање одговорија дека при поставувањето на оптичките кабли и инсталирањето на опремата од крајот на 1994 година не се водела евиденција на сите оптички кабли.

На прашањето дали до Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање освен Комисијата, се мисли на Собраниската Комисија, се има обратено некој од овластените органи со барање да им доставaт информација за нивните сознанија, се мисли на МВР и мислења во врска со масовното прислушување како на пример од страна на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието и претседателот на Владата на Република Македонија, в.д. директорот на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање одговори дека се обратил единствено до генералниот директор на АД "Македонски телекомуникации", во критичниот период, да им достави се што тие имаат како материјал на обавени разговори, времетраење на разговори, сето тоа е по барање на министерот за внатрешни работи, а претпоставува дека е тоа во координација со претседателот на Републиката и претседателот на Владата.

Исто така, и началникот на Управата за оперативна техника потврди дека писмено се обратил до АД "Македонски телекомуникации" и побарал се што можат да стават на увид во тој период од прислушувани разговори објавени во јавноста од Прес конференцијата на СДСМ и дека сеуште нема добиено таков одговор од страна на Македонски Телекомуникации.

Во врска со прашањето зошто по пет дена од денот на објавувањето на Информацијата за масовно прислушување е формирана Комисија на Министерството за внатрешни работи за расветлување на прислушувањето на јавни личности во Република Македонија од страна на државни органи, началникот на Управата за оперативна техника одговори дека не му е познато, а дека тој е член на таа Комисија.

В.Д. директорот на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање изјави дека доставените материјали за прислушување од страна на СДСМ не соодветствуваат со репродукциите од Министерството за внатрешни работи кои се водат под псевдоним, евидентен број и датум, освен предметот под псевдоним "Железничар", евидентен број 1207, датум од 3.12.1999 година и 24.01.2000 година, каде предлогот и решението се веродостојни, но не и разговорите. Оригиналната репродукција од предметот "Железничар" е доставена, била доставена до Јавниот обвинител на Република Македонија. Иако, Комисијата достави барање до Министерството за внатрешни работи и до Јавното обвинителство на Република Македонија да ја добие оригиналната репродукција од предметот "Железничар", истата не е доставена до Комисијата.

На прашањето дали е можно некој од вработените во Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање самоволно да презема дејствија за прислушување, претставниците одговорија дека согласно член 3 и 8 од Упатството на Министерството за внатрешни работи од септември 1998 година за постапката и начинот на примена на оперативно - технички средства, решение за примена на оперативно техничките средства и мерки потпишува само министерот за внатрешни работи.

На 31 јануари 2001 година, Комисијата оствари посета во Агенцијата за разузнавање каде разговараше со Директорот на Агенцијата за разузнавање и директорот на Дирекцијата за техничко разузнавање. Во врска со поседувањето на оперативна техника за прислушување во Агенцијата, директорот на Агенцијата изјави дека Агенцијата за разузнавање не располага со таква опрема со која може да прислушува дигитални сигнали, во конкретниот случај на мобилната и статичната телефонија.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Притоа, тој рече, за да се набави таква софистицирана опрема, потребни се два буџети на Агенцијата. Агенцијата својата работа ја врши во рамки на закон, уредби на Влада и на подзаконски акти и истата, има посебна методологија и начин на работа.

Директорот на Агенцијата информира дека проценката се следи и дека има одредени штети по безбедносниот систем на Републиката во врска со аферата прислушување.

Комисијата имаше можност и оствари непосреден увид во Дирекцијата за техничко разузнавање, каде директорот на оваа Дирекција и началникот на тој Центар за електронско извидување информираа за оперативно техничките средства, со кои Агенцијата располага. Имено, тогаш спомнаа дека се работи за оперативна техника добиена уште од Министерството за внатрешни работи, а инсталирана во 1996 година. Истата служи за собирање на податоци и информации согласно законот за формирање на Агенцијата за разузнавање. Притоа, исто така, беше нагласено дека изворни информации, кои ги собира Агенцијата и ги работи согласно законот дека перманентно такви информации односно кои се корисници на тие информации, беше спомнато, дека е тоа, нормално, претседателот на Републиката, претседателот на Владата, министерот за внатрешни работи и министерот за одбрана итн.

Директорот на Агенцијата за разузнавање информира дека во врска со масовното прислушување на разговори на носителите на јавни функции, новинари и граѓани на Република Македонија не била барана од него по писмен пат информација од надлежните органи, а обавен е разговор само со претседателот на Република Македонија и претседателот на Владата.

Директорот на Дирекцијата за техничко разузнавање ги извести членовите на Комисијата дека на повик од Директорот на Агенцијата и во негово присуство, стручна екипа во состав од претставник на Македонски телекомуникации, директорот на Управата за оперативна техника и помошникот на министерот за телекомуникации во Министерството за внатрешни работи направија увид и имаа можност да се запознаат со конекциите што Агенцијата ги користи во АД "Македонски телекомуникации" како врски.

Комисијата на 8 февруари 2001 година, во Собранието на Република Македонија, оствари средба и со министерот за внатрешни работи, Доста Димовска, на која членовите на Комисијата и поставија повеќе прашања за добивање на дополнителни информации.

Во врска со прашањето дали како министер за внатрешни работи има преземено конкретни мерки за спречување на појави на прислушување на телекомуникациски апарати на граѓаните, на политичките субјекти, на новинарите и на други јавни личности во Република Македонија, министерот за внатрешни работи изјави дека тоа го правела на начин со постојано укажување на законските прописи и Упатството, според кое не е дозволено такво прислушување.

На прашањето дали е вршен друг вид на прислушување во Министерството за внатрешни работи за време на мандатот на актуелниот министер, беше одговорено дека такви оперативно - технички средства се применуваат под услови од членот 2 од наведената Уредба, а заради борба против разузнавањето, тероризмот и насилното уривање на уставниот поредок.

По однос на прашањето дали Министерството за внатрешни работи располага со опрема за прислушување на фиксна и мобилна телефонија, одговорот на министерот беше дека Министерството за внатрешни работи располагало и располага со опрема за прислушување за фиксна и мобилна телефонија, иако подоцна е добиена нова опрема за мобилна телефонија, но не е со голем капацитет. Во Министерството за внатрешни работи постојат документи за набавка и плаќање на опремата за што постои извештај од Комисијата која ја примила опремата.

За тоа кога, и од каде е набавена опремата за прислушување на фиксната и мобилната телефонија, министерот рече дека ќе даде писмен извештај, иако се работи за софистицирана опрема за мобилна телефонија.

Во врска со прашањето дали набавената опрема е во функција и дали е предмет на прислушувањето со таа опрема на организирани криминалци, терористи, шверцери со оружје итн., министерот информира дека опремата за прислушување е во функција и се користи за намени кои се во надлежност на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и согласно Законот за внатрешни работи, пред се за попречување и делување на разни разузнавачки служби кои особено во овој период интензивно делуваат на нашата територија.

Што се однесува до тоа дали Управата за оперативна техника е во непосредна надлежност на министерот за внатрешни работи, беше одговорено дека согласно актите за систематизација и организација на министерството, Управата за оперативна техника е во надлежност на министерот, а нејзината работа е во функција на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање.

Министерот одговори дека наредбите за Управата за оперативна техника ги издава во писмена форма, согласно Упатството. По однос на можноста вработените во Управата за оперативна техника да одбијат усмена или писмена наредба или да се преземаат дејствија на своја рака од страна на тие вработени во Управата, министерот истакна дека процедурата е строго регулирана и не очекува дека вработените би можеле да преземат некои дејствија на своја рака.

За режимот за користење на документација од примената на средствата за прислушување министерот рече дека репродукцијата се доставува до корисникот наведен во предлогот, а тоа е само во рамките на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање, управите кои го поднеле предлогот и на Управата за аналитика. Доколку се оцени дека во репродукцијата има важни информации се известува директорот на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање или министерот за внатрешни работи ако е прашање од повисок безбедносен карактер.

За прашања од поголемо безбедно значење, министерот го известува и државниот врв.

Во врска со прашањето дали постојат внатрешни контролни механизми во Управата за оперативна техника за заштита на сознанијата добиени од прислушувањето, Димовска изјави дека во Министерството за внатрешни работи постои интерна контрола и дека вработените се должни да ги почитуваат законските прописи за се она што претставува државна или службена тајна, во спротивно подлежат на одговорност. Министерот истакна дека досега нема сознание за издавање на службена тајна од вработените во Министерството за внатрешни работи.

Во врска со писменото барање на Комисијата, Министерството за внатрешни работи да достави целосна копија од предметот "Железничар", Комисијата не доби целосно досие од предметот, на што министерот одговори дека тоа ќе го провери и дополнително ќе извести. До денес такво известување немаме.

За сознанијата дали во некој друг државен орган постои уред или опрема за прислушување министерот извести дека по избивањето на случајот има формирано Комисија во која има стручни лица за оваа проблематика и која што прибира сознанија за евентуално постоење на уреди за прислушување и во други државни органи. Досега нема позитивен одговор од Комисијата во врска со констатирани наоди за постоење на таква опрема со напомена дека нема надлежност над Агенцијата за разузнавање, што е доста индикативно.

Се постави прашање дали Министерството за внатрешни работи побарало информација или извршило некој вид контрола во АД "Македонски телекомуникации" со оглед на поврзаноста со нив, за евентуална можност за упаѓање во системот или опремата за прислушување. На ова министерот одговори дека меѓу другото тоа е задача на Комисијата што е формирана од нејзина страна и од која очекува извештај и досега нема сознание врз основа на контактите и остварената контрола со претставниците на АД "Македонски телекомуникации".

За чувството за одговорност на носителите на функции во Министерството за внатрешни работи за постоењето или непостоењето на дефанзивна техничка заштита од неовластено поставување и употреба на средства за прислушување на други места, министерот информира дека Министерството за внатрешни работи не располага со многу развиена софистицирана опрема за откривање на прислушување и дефанзивна техничка заштита. Во рамките на Управата за оперативна техника има опрема која може да лоцира прислушни уреди во кабинетите на државните органи или во нашите амбасади и да ги отстрани. Таква дефанзивна заштита и проверки се практикуваат.

Членовите на Комисијата го поставија прашањето дали Министерството за внатрешни работи има сознание за постоење на паралелен систем за прислушување надвор од институциите на системот, при што министерот информира дека Министерството за внатрешни работи не располага со таква опрема, која може да открие постоење на паралелен систем надвор од надлежните институции на системот, нагласувајќи дека Министерството работи на прибирање на сознанија за таква можност.

Исто така, членовите на Комисијата пројавија интерес дали е можно од некоја соседна држава да се врши прислушување на разговорите и објавените материјали да се дојдени од таму. Министерот одговори дека за ова прашање одговор може да даде само Агенцијата за разузнавање. Во однос на ова прашање, Комисијата од началникот на Управата за оперативна техника, доби информација дека Министерството за внатрешни работи во соработка со АД

"Македонски телекомуникации" ја испитува и таа опција.

Во однос на тоа дали е вршен надзор при поставување на оптичките кабли во 1995, Димовска одговори дека Комисијата што е формирана врши проверки на цела траса каде се оптичките кабли и доколку се констатира некаков упад тоа ќе биде во надлежност на истражните органи.

За можноста екс директорот на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање Бојан Бојановски, да изнел материјали кои биле правени лично по негов налог и евентуално да ги дал на опозициони структури да бидат објавени, министерот одговори дека од средствата за јавно информирање добила сознание за тоа дека Бојан Бојановски ја негирал можноста потеклото на репродукциите за снимените разговори да е од Министерството за внатрешни работи, при што нагласи дека тоа Бојановски и не би си го дозволил. Иако, јас овде морам да кажам, внимателно читајќи го образложението на оставката на министерот за внатрешни работи, таму веќе се спомнува за вмешаноста на бившиот коалиционен партнер во врска со аферата прислушување. Значи, имаме промена на ставот.

Се постави прашање дали е можно да се изврши толкав број на прислушувања без налог на министерот за внатрешни работи и тие да не бидат регистрирани во Деловодникот на Министерството, на што министерот истакна дека Министерството за внатрешни работи нема капацитет за масовно прислушување и не е можно прислушување без евиденција во деловодниците на Управата за оперативна техника.

На крајот, на прашањето дали министерот за внатрешни работи чувствува морална и политичка одговорност во врска со масовното прислушување на носителите на јавни функции, новинари и граѓани на Република Македонија, Димовска изјави дека на ова прашање ќе даде одговор пред пратениците во Собранието на Република Македонија.

Понатаму, би сакал ако ми дозволите да биде ова покусо еден коментар на Предлог заклучоците, кои се понудени за оваа седница. Значи, ова досега што ви го презентирав беше еден приказ, јас би рекол скоро целосен со извесни скратувања, за кои што сметав дека не се толку битни на информацијата што ја подготви Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, а во врска со големиот скандал на прислушкување на политичари, новинари, обвинители, судии, директори, професори, интелектуалци, од страна на државни органи, што беше обелоденет минатиот месец од СДСМ, политичка партија во опозиција, која ги изгуби парламентарните избори во 1998 година, колку за потсетување.

Врз основа на информациите, податоците, сознанијата и фактите вградени во Извештајот на Комисијата посебно внимание беше посветено на изготвувањето на Предлог заклучоците од страна на членовите на Комисијата. Колку за потсетување јас ќе се задржам на спомнатите заклучоци со куси образложенија, бидејќи јавноста не е запозната со нивната комплетна содржина и значење.

Така, првиот заклучок што е предложен до ова Собрание се однесува на фактот што никој во оваа држава не го негираше, па во таа смисла очекувам дека и ова Собрание нема да си дозволи таков луксуз да го оспорува. А, тоа е дека оваа појава со прислушувањето извршена од страна на државни органи е спротивна на Уставот, на законските одредби, на Европската конвенција за заштита на основните права и основните слободи на демократските процеси и штетна по вкупната безбедност на државата, како и во однос на довербата на граѓаните во институциите на системот во целина.

Вториот заклучок во овие Предлог заклучоци предложени од Комисијата се однесува на констатацијата дека прислушување имало и се вршело, што е поткрепено со судски искази на сите повикани лица инволвирани во оваа афера од страна на истражниот судија, каде ги потврдиле вистинитоста на содржината на прислушуваните разговори. Кога веќе ова го спомнав, морам да укажам на еден факт. Можеби не сум целосно до крај информиран, но до ден денес не е спроведена истрага за лицата опфатени од т.н. предмет "Железничар" обелоденет и доставен до Јавното обвинителство на Македонија на 23.01.2000 година од страна на СДСМ. Имено, се работи за главниот уредник на редакцијата "Факти", потоа за господинот Арбен Џафери, господинот Борис Трајковски и за нивните прислушувани меѓусебни разговори. За волја на вистината господинот Борис Трајковски по повод повикувањето за потврдување на веродостојноста на другите прислушувани негови разговори во врска со овој случај изјави дека е точно дека имал разговор со господинот Емин Аземи,

уредник на "Факти", но дека не се сеќава на содржината на разговорот. За овој случај ќе кажам нешто и подоцна.

Наредниот заклучок во Предлог заклучоците содржи констатација дека прислушувањето е масовно по опфат, над 170 лица и содржина и дека е политички мотивирано, не само заради карактерот на субјектите кои се прислушувани, а се работи, нормално, за политичари, новинари, обвинители и судии, туку и заради времето во кое тоа е правено односно периодот септември, декември 2000 година. Не треба да потсетувам дека е тоа време на крупни политички настани во Република Македонија, како што беа преминувањето на шесте пратеници од ВМРО-ДПМНЕ во новата пратеничка група и партија ВМРО - ВМРО, скандалозните коинциденти и нерегуларности одржани локални избори, како и недоличното составување на новото парламентарно мнозинство во Собранието на Република Македонија за поддршка на Владата на господинот Георгиевски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Во четвртиот заклучок од овие Предлог заклучоци и во предложениот текст со ознака број пет, попрегледно да ги следите, се потврдува фактот дека со опрема за прислушување на фиксна и мобилна телефонија во државата располага Министерството за внатрешни работи односно Управата за оперативна техника која е под непосредна надлежност на министерот за внатрешни работи.

Ова е заклучено врз основа на доставените материјали од Министерството за внатрешни работи и Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање од непосредниот увид на членовите на Комисијата во оваа Управа и од личните изјави на министерот за внатрешни работи пред медиумите и пред Комисијата.

Со жалење морам да констатирам дека до денес не ја добивме бараната информација од Министерството за внатрешни работи, да ни се приложат податоци за времето, потеклото и вредноста на набавените опреми за прислушување во Министерството за внатрешни работи, иако тоа ни беше усно ветено.

Исто така, во врска со овој заклучок должен сум да го известам Собранието дека Комисијата се обрати до Министерството за финансии да ни достават образложение во писмена форма на прашањето дали предвидените средства во Ребалансот на Буџетот за 2000 година во т.н. ставка на недефинирани обврски и мерки таа ставка е реализирана и за кои намени како и за распределувањето на средствата по овој основ во Буџетот од 2001 година, односно дали преку овие ставки се набавувани вакви оперативно технички средства за потребите на државните органи.

Оваа барана информација од Министерството за финансии сеуште не е добиена, инаку овие информации беа барани заради комплетирање на сознанијата и потврдување на веќе осознаените факти.

Следниот заклучок во овие Предлог заклучоци ги содржи констатациите кои произлегуваат од писмото доставено од директорот на Агенцијата за разузнавање и непосредниот увид на членовите на Комисијата во работата на оваа институција односно сознанието дека оваа Агенција не располага со опрема за прислушување на фиксна и мобилна телефонија за прислушување.

Што се однесува до информациите добиени од Министерството за одбрана каде известуваат дека и тие не располагаат со таква опрема за прислушување, меѓутоа, за мене, остана неразјаснета изјавата на актуелниот министер за одбрана дадена на самиот почеток на обелоденувањето на аферата прислушување за еден од телевизиските канали, мислам дека се работи за Сител телевизија, дека ова министерство располага со опрема, но дека не верува дека таа може да се користи за вакви цели.

Според тоа очекувам дека министерот, господине премиер, член на вашата Влада ќе даде појаснување во врска со оваа негова изјава.

Понатаму следи заклучокот кој се однесува на компанијата АД "Македонски телекомуникации" и нивниот однос спрема барањата на оваа Комисија за доставување и информации за нивното учество во овозможувањето на примена на оперативно технички средства за прислушување на фиксна и мобилна телефонија.

Тука морам да подвлечам дека ниту бараната информација беше доставена до Комисијата, ниту ни беше овозможена непосредна средба со раководните претставници на оваа куќа.

Образложението на генералниот директор на оваа компанија во телефонски разговор беше дека оваа Собраниска Комисија не е надлежна за нивната компанија и дека на тој начин би се нарушил нејзиниот углед. Меѓутоа, тука мора да се имаат предвид неколку работи

кои го доведуваат под сомнение и не го оправдуваат однесувањето на АД "Македонски телекомуникации".

Имено, прво околу надлежноста на Комисијата. Комисијата е собраниско тело, а Собранието има политичка и контролна функција врз извршната власт и врз организациите и компаниите од јавен интерес. Да не заборавиме еден факт дека во периодот кога е реализирано прислушувањето оваа фирма беше од јавен карактер, а и потоа што значи денес државата односно Владата, тоа го слушнав од устата на премиерот кој при продажбата на "Македонски телекомуникации" пред целокупната македонска јавност изјави дека Владата и понатаму со тие 49% ќе располага со одредени надлежности кои ќе и овозможуваат увид, контрола, па и одлучување по битни прашања од работењето на оваа компанија. Тоа е факт. Се надевам дека премиерот нема да го негира тоа.

Според тоа, тие беа должни, се мисли на "Македонски телекомуникации" да одговорат на барањето од Собранието на Република Македонија кога се работи за прашања од неговата надлежност, а се однесуваат на дорасветлување на ваква крупна политичко безбедносна афера дотолку повеќе што скоро без поговорно е потврдено од сите страни дека една ваква прислушкувачка операција не е можно да се реализира без техничка помош на овој телекомуникациски центар.

Оттука се поставува следното прашање, бидејќи на некој начин во информациите што претходно ви ги образложував беше присутна како податок, оттука се поставува следното прашање зошто МВР постапува правилно кога бара детална информација од "Македонски телекомуникации" за оваа афера, а би било неправилно и нерегуларно тоа да го бара Комисијата на Собранието на Република Македонија.

Понатаму од осмиот заклучок јасно и децидно произлегува дека Министерството за внатрешни работи досега не располага со сознанија за постоење на паралелен систем за прислушување во државата, но дека работи на утврдување на факти.

Според тоа, за сега не се потврдуваат јавно изнесените тези дека некој друг надвор од државните органи односно од МВР го извршил прислушувањето било со постоењето на таква паралелна опрема, било со упад во оптичко, кабелско, телекомуникацискиот систем.

Понатаму предложениот деветти заклучок од овие заклучоци бара дополнителни објаснувања и мислам дека е тоа она што спомнав дека подоцна ќе се навратам.

Точно е тоа дека Комисијата не можеше да констатира од увидот во деловодните книги дека се прислушувани инволвираните лица и кој дал наредба за такво нешто од едноставна причина што никој при здрава памет не би оставил вакви докази што се косат со Уставот и законите, но со исклучок на предметот „Железничар" кој е заведен во евидентните книги со датуми од 3.12.1999 година и 24.01.2000 година за кои в.д. директорот на ДБК потврди дека евидентните броеви се веродостојни, но не и разговорите и лицата што ги воделе, а тоа се пред малку ги спомнав господата Емин Аземи, Арбен Џафери и Борис Трајковски.

Од уводот што го направи Комисијата на Собранието на лице место евидентно беше дека се работи за предмет од околу десетина страници, јас го имав во раце предметот. Иако Комисијата достави, ве молам, барање до МВР, Јавното обвинителство да добие копија од оригиналната репродукција на ова досие, истата не е доставена. Од изнесеното сосема основано може да се заклучи дека нешто се држи во тајност, не е достапно до членовите на оваа собраниска Комисија, а што е во прашање веројатно знаат само министерот и в.д. директорот на ДБК.

Понатаму десеттиот заклучок е јасен во својата порака односно дека со оваа афера е направена груба повреда на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, но морам да кажам дека мнозинството членови на Комисијата одбија да прифатат дополнување на овој пасос односно заклучок со реченица која ја предлагав дека тоа го направило државен орган. Ваквото мое залагање беше мотивирано од недвосмислениот факт дека насекаде во светот институциите на државата односно државните органи се носители на гаранцијата и обезбедување на заштита на основните човекови права и слободи, како и неповредливост на домот, семејството и тајноста на комуникациите. Затоа имаше потреба тоа да го ставиме. Меѓутоа, членовите на Комисијата, мнозинството мислеше дека не треба.

Единаесеттиот заклучок се однесува на третиот сегмент на власта тоа е правосудниот систем и неговите органи каде мора неминовно да се констатира дека целата постапка се одвива премногу бавно и

дека од самиот почеток целокупната работа е насочена во погрешна насока. Се има впечаток, не мора да е точно, меѓутоа, се има впечаток дека се исчекува политичкиот расплет на аферата што не зборува добро за подготвеноста на обвинителско - судските органи со полн капацитет да влезат и во оваа судска развршница на целиот случај.

На крајот морам да укажам на еден момент кој е од битна политичка природа, а се однесува на подготвеноста на ова Собрание да се постави на висината на својата улога, обврски и задачи особено во врска со оваа крупна политичка афера која веќе подолго време ги тресе институциите на нашиот политички систем и севкупната македонска јавност, но не и со помал интерес се следи од меѓународната јавност било овде било надвор.

Затоа мислам дека Собранието на Република Македонија би направило голем пропуст, ако како контролен и надзорен орган врз работата на извршната власт, а врз основа на наодите во оваа информација каде се недвосмислени и овие заеднички усогласени заклучоци на членовите на Комисијата не утврди политичка одговорност на министерот за внатрешни работи без разлика на веќе во јавноста обелоденетата оставка од функцијата министер за внатрешни работи за чија судбина веќе слушнавме односно одлучува премиерот. Но, морам да додадам ние во тој случај ќе се соочиме, односно ова Собрание, па и целокупната македонска јавност да одлучува во еден период многу брз за самата судбина на премиерот на Владата односно претседателот на Владата на Република Македонија кој е должен пред целокупната македонска јавност да даде одговор на прашањето дали тој знаел за постоењето и функционирањето, сега малку ќе се пошегувам, на новата ушна клиника лоцирана во Министерството за внатрешни работи. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално г. Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, сакам едно да бидеме на јасно дали јас не разбрав или лошо излагаше Поповски. Дали тој излагаше став и заклучоци на Комисијата или негово видување. Нека каже отворено едно или друго.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тој го најави како свое уводно излагање во име на Комисијата. Така стои, ве молам, затоа има членови на Комисијата ќе си земат збор, ќе си кажат што било, како било, не треба секој да влегува во полемика, кога ќе си добие збор секој ќе се изјасни.

Реплика бара г. Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Очигледно дека г. Поповски искористи една позиција прво не е чесно, не се договоривме воопшто кој да биде известител, си преземавте улога на известител после она што значи ваш дел што го срочивте во партиски штабови го елабориравте, но не е проблем штом сметате дека така треба да се настапува, ќе имам прилика, ова е реплика, не е мој говор, да реплицирам на некое ваше видување во врска со работењето на самата комисија кога правите градација на најкрупна политичка афера во поновиот период, ако може така да ја наречеме аферата со прислушувањето, има уште една уште поголема политичка афера, тоа беше атентатот на г. Киро Глигоров екс претседател на Република Македонија што значеше атак на македонската државност, а тоа се правеше во вашиот период не би било лошо да се премолчува значи ако правите градација тоа е првиот момент, ова спаѓа во нешто многу поминорно ако се ставаат на кантар двете работи.

Втора работа, при посетата на В-та Управа популарно наречена јасно ни беше дадено до знаење дека онаа просторија од десната страна материјалите т.е. софтверот набавуван на крајот на 2000 година не била функционална до крајот на 2000 година и чесно е да го признаете овде пред самото Собрание и пред македонската јавност, а не да се калкулира дека тоа е работено таму од началникот на таа управа, јасно ни беше дадено на знаење дека делови од тој софтвер се набавени декември 2000 година што значи до декември 2000 година не можело да се врши прислушување во онаа просторија десно.

Исто така мора да се потенцира (смеа во салата) да, да, можете да се смеете, па го слушавме г. Поповски пластично образложи, имам право и јас да кажам она што значи мое видување.

Околу поставените прашања на министерот за внатрешни работи чесно е да се признае од тие 3,5 часа цели три часа вие поставувавте прашања подготвени, издиктирани, искуцани и отстапивте простор во име на демократијата она што значи демократско работење без разлика што бевте единствен член од СДСМ, но еве почитувавме за да утре не не обвинувате како што на низа прес конференции по

завршувањето на самите седници излегувавте, критикувавте дека цело време правиме опструкција на вашето работење, односно работењето на комисијата, што апсолутно не држи имајќи во предвид она што пред малку го спомнав значи бевме максимално отворени, транспарентни, кооперативни, се во смисла оваа афера да се доведе до крај. Мора да се признае и тој дел.

Исто така, пуштивте во етер една интересна работа дека нема позитивни одговори дали МВР има увид дали некој прислушува, нема никакви одговори. Во член 8 од самите заклучоци стои дека МВР сеуште работи на утврдување на факти, а не дали има позитивни или негативни одговори, нема никакви одговори, значи одговори сеуште нема затоа што сеуште се работи на случајот.

Исто така, една доста интересна работа пуштена во етер на оној што не ги познава да ги прифати, да се фати на самата јадица која вие еве пробавте да ја фрлите.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

(Продолжение)

Многу прашина се крева околу предметот "железничар" заборавајќи при тоа да се каже дека тој предмет го отвори Павле Трајанов и дека тој предмет мора да се издвои настрана, се работи за една сосема друга работа. Образложението на господинот Трајанов беше дека тој предмет се отвора поради безбедносни причини на РМ и дека валидни се само првите три реда од првата страница, така ни беше кажано од Петтата управа, се надевам дека се сеќавате, дека сето тоа другото кое го споменавте дека се 10-тина страници, апсолутно не држи.

Нема прислушкување без Телеком. Зошто не ја прифативте мојата сугестија, обелоденета пред Комисијата да повикаме стручни луѓе од Електро факултетот, телекомуникации, кои ќе ни објаснат постои ли нешто надвор од системот на државата која може да го поседува некој и кое може како уљез да ги фаќа кодираните сигнали од самиот етер, или работи посебно со приклучоци на оптички кабли во должина од 250 км., мислам дека таа беше бројката. Мислам дека навистина вие господа неприфативте. Неприфативте вие господине Поповски. Зошто ја одбивте таа сугестија, јас како лаик поставувам некои прашања, претпоставувам дека имаме стручни луѓе во државата кои ќе беа добредојдени во самата комисија да ни објаснат дали е тоа можно воопшто да се изведе и да си ги расчистиме дилемите -дали таква работа правела МВР, Агенција за разузнавање, Министерства за одбрана или некој четврт кој никој не успеа да го види.

На крај, обвинувањата. И да е некој од надвор, МВР мора да го лоцира. Ако нема со што да се лоцира, која е одговорноста тогаш. Ако не постои систем во државата, кој може да го лоцира системот кој упаѓа и каде сигналите ги дешифрира и претвора во пишан збор, исто така мора и тоа да го спомeнете.

Толку сега за сега, а претпоставувам дека често ќе доаѓам како член на комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Ми беше забележано дека не сум настапил целосно во функција или во улога на претседател на Комисија, и дека сум дал некои свои видувања.

Прво, не е точно. Ако забележавте и ако внимателно се слушаше информацијата што ја парафразираф, фактички беше информација, се што е кажано таму, ниту еден збор додадено ни малку ни повеќе.

Во делот на предлог заклучоците исто така јас во оригинална форма како беа донесени и усвоени ги предложив и ги кажав, со тоа што мислам дека бев должен пред Собранието да информирам што сум барал како претседател на комисијата дополнителни информации, не сум ги добил и не навлегувам да утврдувам некое сомневање зошто е тоа направено итн. Меѓутоа, морав заради целината и давање на дополнителни информации да одиме на утврдување и расветлување на самите факти. Според тоа, мислам дека не држи таа забелешка.

Втора работа, мислам дека не е фер тука иако на господинот Филип не му се допаѓа тој збор, меѓутоа да споменам дека околу опремата која што ја видовме таму со свои очи беше кажано 2000 година. Слушнавме сите, декември 2000 година, меѓутоа тоа апсолутно не одговара на вистината не еден од потврдените случаи, како што е досието "Железничар" каде што е извршено такво снимање, прислушкување на мобилна телефонија од 1999 година, во јануари 2000 година. Според тоа, ако не постоела таа опрема, незнам со што можело да се изврши. Тоа го потврдија дека го има во евиденција и спроед тоа паѓа во вода таа работа. Дали тоа го наредил господинот Павле Трајанов, јас колку што се сеќавам

господинот Павле Трајанов беше член на Владата на господинот Георгиевски. Не беше член на Владата на господинот Црвенковски.

Понатаму, околу заложбата на господинот Флоровски, точно е тоа дека инсистираше да викнеме ние како комисија одреден број на лица, стручни, од факултет да утврдуваме за можноста на вишок на оптички кабли, на поврзаноста меѓу МВР и Телекомот и за евентуалното губење на некој таков кабел. Јас мислев дека како претседател на комисија не е тоа наша приоритетна обврска, ниту пак задача да одиме на такво стручно вештачење. Мислам дека тоа требаше да го направи господинот Ставре Џиков како јавен обвинител, кој со свои стручни соработници, требаше пред ние да одиме во МВР како собраниска Комисија да утврдуваме факти, тој требаше наредниот ден, по обелоденувањето на оваа афера да влезе во тие надлежни државни органи и да ја симне, така да кажам, евентуалниот сомнеж од нивната инволвираност во тоа. Според тоа, мислам дека тоа беше единствената причина зошто не пристапив кон повикување на стручни лица. Имаме сосема јасна надлежност, имаме сосема јасни овластувања како собраниско тело кои институции сме подготвени на некој начин да ги истражуваме. Јас само толку како дообјаснување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Господине претседателе, господине премиер, дами и господа пратеници, во врска со објавувањето на телефонските разговори од страна на господинот Црвенковски, како пратеник би сакал да се произнесам. По игра на судбината, сум член на Комисијата за контрола над работата на ДБК и Агенцијата за разузнавање, па така имав можност да ги видам и да се запознам со сите релевантни и според мене единствено валидни материјали во врска со овој проблем.

После месец и повеќе расправи во врска со овој случај на мене како член на Парламентот, случајот ми е јасен и затоа би сакал да дадам некои свои констатации.

Прво, не постои човек што не може да осуди случај на прислушкување и мислам дека тука нема никаков проблем. Колку што се сеќавам таму имаше еден мој разговор кој го потврдив и пред истражниот судија. Она што го видов во јавноста е дека сите повеќе или помалку ги потврдија валидноста на разговорите што значи дека некој прислушкувал разговори. Мислам дека во развој на едно општество, на една држава млада демократија како Македонија, повеќе од јасно е дека сите мора да осудиме еден ваков процес, да го ставиме на увид на јавноста и сите што се инволвирани соодветно да ги гониме според законот. Нормално, сметам дека ова е недозволиво да ни се случи.

Меѓутоа, би требало малку повеќе внимание да обрнеме на тоа како случајот беше објавен, што се се случуваше зад кулисите на овој случај и некои работи кои што останаа нејасни односно беа премолчани од страна од опозицијата пред македонската јавност. Можеби не беа многу премолчани, Меѓутоа, беа ставени на страна, на страна, согласно еден политички маркетинг кој што го имаме како утврдена метода на работа на опозицијата, едно делување кое што оди само во манипулирање на јавноста. Ќе кажам и зошто.

Прво, јас колку што се сеќавам господинот Црвенковски триумфално излезе на прес конференција и рече дека објавува 10% од материјалот што го има. Согласно тие 10% објави 146 страници кои што ние како членови на Комисијата ги добивме, иако не ги добивме претходно како членови на Комисијата, туку можевме да ги видиме и во јавноста, да си ги читаме нашите разговори и можевме едноставно согласно волјата и желбата на главните уредници на весниците, воглавно опозициони да читаме за нашата приватност која стана достапна на сите луѓе во Македонија, без разлика на тоа дали ние сакаме нашата приватност да биде објавена, дали сметаме дека тие разговори треба да ги чита секој во државата и без да бидеме консултирани. Тука се правите два проблеми кои што ги лоцирав во врска со овој случај, иако мора да ви кажам дека не сум спремен да амнестирам никој и повеќе пати сум нагласувал дека не сакам да бидам апологет, туку сакам да разговарам врз основа на факти.

Јас сакам господинот Црвенковски, бидејќи тој е пратеник и тој е тука, да му поставам едно прашање, но не мора да ми одговори ако не сака. Каде му се другите 90% од разговорите, за кои што одредени пратеници од вашата парламентарна група ни кажаа дека поседувате најмалку 100 разговори мои, во кои што прилично добро сте се запознале со мојата приватност. Ако сакате да го именувам, ќе ви го именувам и

пратеникот кој ми го кажа тоа, но сакам да бидете љубезни и да ми ги дадете тие разговори. Би сакал да ги имам, затоа што во процесот на работа и на зафатеност во животот, забораваме што сме зборувале од време на време, а вака како валиден документ можеби ќе ни послужи некогаш во животот да се насмееме ако ништо друго.

Господинот Црвенковски исто така рече дека тоа што СДСМ го има, јас би си дозволил една проста, слободна математика, 10% од 146, значи некаде околу 1.500 странци, дека тоа е само 1% од тоа што се правело во државата. Значи, овој случај има најмалку димензии на 150.000 страници. 150.000 страници се многу материјал за да може некој да ни ги сокрие, за да може некој да манипулира со нив, за да може да ги изгори, за да може да исчезнат, освен ако не зборувате за методи, еве веќе гледам дека дофрлувате од место за методи кои што ви се познати односно методи со кои што сте работеле во времето кога ја партиципиравте власта. Така што мислам дека ако може да ми потврди господинот Црвенковски дека овој случај навистина тежи 150.000 страници, тогаш јас ќе се согласам веднаш дека станува збор за навистина орвел неговата 1984 односно дека големиот врат сите нас не гледа. Меѓутоа, очигледно станува збор за нешто сосема друго, станува збор едноставно за манипулирање на јавноста, поткревање на една хистерија, инволвирање на новинари, односно нивно искористување на најнизок начин во однос на македонската јавност. Можам да ви кажам дека ова го тврдам со полна одговорност од проста причина што господинот Црвенковски на неговата наредна прес конференција кога ги објави другите материјали, или некаде по пат правејќи прес конференции, јавно кажа дека тоа што го објавиле досега е се што имал. Мислам дека на некој може да му се виде ирелевантно и можеби некакво оддалечување од случајот, во кој што човек си превзема одговорност да ги објави јавно разговорите на луѓе без да ги праша, да ја открие нивната интима и да најави дека тоа се само 10% мислам дека ова беше намерно продуциран случај со огромни димензии за едноставно да се заплаши јавноста и нормално таа хистерија да продолжи во една друга насока, за која што ќе зборувам малку подоцна.

Господинот Црвенковски, кој што го објави мојот разговор на прес конференција му посочувам да го погледа документот на господинот Бенедето Кракси против Италија од Европскиот суд за човекови права кој што заседавал на 7 декември 2000 година. Ништо повеќе, само да му кажам дека не објаснувајќи каков бил случајот против Кракси паѓа случајот односно губи Италија против дотичниот господинот кој што е политичар, меѓутоа замешан и во други активности, но паѓа случајот во вода, затоа што неговите разговори без негова дозвола иако било потврдено обвинението биле објавени во јавноста. Бројот е апликација број 25337/94. Би сакал да го имате вие во предвид, и целата македонска јавност начинот на кој што вие ги соопштивте овие работи дека не е исправен. Со тоа јас не сакам да ја покријам аферата, за неа ќе зборувам уште многу, сега само започнувам со разговор, меѓутоа да ви кажам дека во определени постапки погрешивте со тоа, ја нарушивте мојата интима и нормално претпоставувам и на другите што се допрени во овој случај.

Инволвирањето кое што понатаму следеше, и јас многу внимателно го следев, а следеше од новинари поврзано тесно со уредници кои контактираат со вас секојдневно по телефон, затоа што ги видов разговорите како член на комисијата за контрола над работата на ДБК, оди во таа насока да се подигне единствено хистеријата, фушкаштвото на ниво на аксиома, Владата да се прогласи за државен непријател, а идол партијата кон одредена личност тука присутна, зборувам за односот кој што го имаме во креирањето на јавноста да ја замени реалноста и по можност да се втемели за секогаш. Тоа е јасно, тоа е таа една аксиома на опозицијата, по секоја цена се стреми да дојде на власт.

Дали ваквиот обид треба воопшто да биде релевантен на македонскиот гласача, јас незнам, ќе оставам да процени самиот македонски гласач, затоа што, сигурно ќе има можност да се произнесе за или против било која гарнитура на едни избори, без разлика дали се регуларни, вакви или онакви, под притисок, по секоја цена, незнам, но избори сигурно ќе има и ќе се произнесат гласачите. Меѓутоа, како продукт, како производ на една ваква афера да се разапнуваат луѓе на крст, мене ми пречи. И по секоја цена да се прогласуваат за виновници исто така ми пречи, јас зборувам лично за мојот случај. Нема многу да влегувам во експликација, меѓутоа, сметам дека сум ставен на мета од опозиционите новинари, затоа што сум член на комисија за контрола над работата на ДБК и затоа што преку таа комисија од прилика знаете како ќе реагираат луѓето на кои што им е драго вистината, сакаат да ги

гледаат фактите и сакаат да се произнесат врз основа на факти, а не врз основа на идеологија и застанување позади одредени луѓе по секоја цена. Така што, апсолутно едно растргнување на крст кое што ни е приредено, го прифаќам за задоволство и предлагам ако сметаат истите луѓе кои што тоа го прават дека тоа е начин на кој што може да дојде една групација на власт, да продолжат да го прават, јас им ветувам дека можам да издржам.

Дами и господа, враќајќи се на оваа афера или овој проблем, можам да ви кажам дека ова се државни работи кои што допираат државни тајни. Јас ќе се потрудам да докажам, да покажам дека во оваа крвожедна битка за власт се излезе од законите, се излезе од нормите, се излезе од здравиот разум, од било каква политичка доблест. Ќе ви кажам што мислам дека е главниот проблем.

Тука имам еден текст, нема да ја споменувам новинарката, претседателот на комисијата знае, за него сакав да дискутираме на комисија.

Имено, текстот е во врска со извештајот што го доби Парламентот, односно парламентарниот состав, а во врска со истражувањето, односно заседавањето на комисијата за контрола над работата на тајните служби, базира или во однос на периодот 1999 - 2000 година. Сите пратеници знаат дека тој извештај има степен на доверливост и дека е доставен до сите пратеници на користење и учество во расправата и е побарано од нив да биде вратен. Меѓутоа, што се случува. Ние го имаме тој извештај објавен во весник. Зборовите се исти, речениците се исти. Јас тврдев дека не е од комисијата излезен, значи не се однесува на 7-те пратеници кои што членуваат во Комисијата за контрола над работата на тајните служби, меѓутоа може единствено да биде излезен од овие 120 пратеници. Се обидував цело време да не карикирам, меѓутоа многу лесно ми е како пратеник да тврдам дека никој од ВМРО - ДПМНЕ не би го дал тој извештај, ама ќе се оградам од тоа. Еден е факт. Државни работи истекуваат, државни тајни се објавуваат како жолти текстови, односно како делови од жолт печат што не во интерес на Македонија и мислам дека тоа е единствено продукт односно производ од тактиката која што ја има опозициониот СДСМ на бирање на средства за постигнување на својата цел.

Јас имав од прилика толку да кажам во врска со воведот по оваа проблематика.

Господинот Андов, како претседател на Собранието, мислам дека изреагира многу соодветно и во рамките на Деловникот за работа на Собранието и во рамките на едно нормално политичко работење во кое секој проблем што се јавува во едно модерно општество, како што сакаме Македонија да биде, се решава во институциите на системот и сите обврски што се појавуваат пред нас имаме начин на кој можеме да ги решиме. Гледам дека на господинот Црвенковски не му се слуша, излезе, веројатно ќе гледа надвор.

Значи господинот Андов, мислам, ја запази процедурата и сакам да му заблагодарам, иако одредени опозициони структури сметаат дека треба и него да го распнат на крст затоа што не им одговара, како сакаат да ги закажува седниците, односно како да функционира Собранието. Во тој правец мислам највалидно и најнормално беше да се свика комисија надлежна, матична собраниска комисија. Мислам дека до толку ги знаеме некои работи како функционира Собранието, дека и таа Комисија треба да се произнесе.

Мислам дека се задржавме во рамките на една норма, во рамките на една ситуација, со работата на Комисија врз која работа може да се свика Собранието и денеска дојдовме до оваа седница. Морам да ви кажам и тоа во целиот период на расправа на комисијата или во целиот ток на постоењето на оваа афера, сум на став дека Собранието треба да расправа, дека не можеме да се доведеме во ситуација да премолчуваме одредени прашања или да ги тргаме на страна. Јас не знам што тука има чудно. Даречеме, и од оваа страна луѓето да сакаат да расправаат, затоа што, напротив се доведуваме во ситуација независниот печат да произведува тоа дека единствена објективност доаѓа од левата моја страна.

Апсолутно нема врска со реалноста.

Доаѓајќи до комисијата, тоа веќе е посебна приказна за што сакам малку повеќе да зборувам и господинот претседател на комисијата, Љупчо Поповски, гледам не е тука, си ги прераскажа приказните за пред спиење што ги има, веројатно, дома и си излезе, па не не удостојува ни како членови на комисијата, односно да не ислуша да му кажеме што мислиме ние како членови на таа комисија.

Да кажам збор два за методологијата на работата.

Кога човек станува пратеник и кога е распореден во комисија, а за да биде распореден во комисија треба да добие глас во Собрание, а не глас од ВМРО или од СДСМ или од ПДП или незнам од која партија. Значи добива глас од Собранието. Иако некој сака да ги гледа работите дека е многу јасна филозофијата на работа на комисија и дека е многу јасна филозофијата на работа на едно Собрание. Ние не можеме како членови на комисија партијашки да настапуваме и да се истакнува пред нас партијаштвото, партиската припадност, а после дека по игра на случајност сме членови на комисијата. Сметам и тоа му го кажав на господинот Љупчо Поповски дека во таа комисија нема ВМРО, нема СДСМ, има седум члена на собраниска комисија, назначени од Собранието, кои едноставно имаат свои задолженија. Сега господинот Поповски во својата методологија на работа, во својата злоупотреба и непринципиелност не можеше да се одлепи од партијаштвото и еве гледаме до што доаѓаме, едноставно тој доаѓа да ни чита заклучоци кои ќе ги анализирам малку подетално, во кои заклучоци гледа едни реченици кои јас не можам да ги најдам никаде во текстот. А нашата работа, барем во таа комисија беше многу прецизна, многу јасна, сите реченици, сите заклучоци, сите запирки и точки ги именувавме заедно и за се постојат стенографски белешки, односно магнетографски записи. Не може господинот Поповски сега да дојде и тука сега на мене да ми каже, мене не ми се допаѓа ова, едноставно мене ме надгласаа. Па што сака господинот Поповски, како претседател на комисија, да аминуваме ние се тоа што нему ќе му текне? Не знам дали има потреба во терминолошко објаснување на зборот демократија. Сепак тоа е власт на мнозинство, владеење на мнозинство, поусовршен принцип на владеење, односно, едноставно функционирање на држава не постои.

Господине Ружин, сакате да влеземе во терминолошко објаснување што значи гласање на избори и доделување на мандат? Па тоа ли не ви е јасно?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте да упаѓате.

Вие господине Петровски обраќајте се на Парламентот, немојте воопшто да внимавате на никого.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Се извинувам господине претседателе. Јас господине претседателе би сакал да се извинам, немам намера да влегувам во полемика со членови на СДСМ, односно пратеници од опозицијата. Значи немам намера да влегувам во полемика со господинот Нано Ружин, меѓутоа тој е доктор на науки за одредена тематика и мислам знае што сакам да кажам и не би требало низ партиска призма сега да ме гледа.

Да се вратам на работата на комисијата за која мислам со полно право можам да зборувам затоа што учествував таму. Нашата работа беше многу прецизна, многу јасна, утврдивме методологија и таа методологија е злоупотребена од господинот Љупчо Поповски, злоупотребена како претседател на комисијата и многу ми е жал што нема сила да ме ислуша. Јас сакам тој да си поднесе оставка, како претседател на таа комисија, иако знаеме на кој начин се назначуваат претседатели, знаеме кои договори се вршат во Комисијата за избори и именување. Меѓутоа, ако има малку доблест, после денешниот говор треба да дојде тука пред нас да ја соопшти оставката и да побара начин на кој може да ја изрелаксира Комисијата за да може понатаму да продолжи да работи, затоа што господинот Поповски тргнува од догми, сака догматски да ни наметне став или сака завршно решение да ни даде, без разлика што процедурите траат, без разлика што овој случај, претпоставувам уште ќе трае и без разлика што мислам дека и оваа наша комисија, како матична допрва ќе има работа во врска со овој случај.

Уште една работа, зошто барам оставка од господинот Поповски.

Не знам колку знаат членовите на Парламентот, меѓутоа оваа комисија се состана, со дневен ред. Првата точка беше ова по кое денес расправаме, а има уште точки на дневниот ред кои господинот Поповски најверојатно нема намера да ги разгледува затоа што прави опструкција на Комисијата и веќе пет-шест дена не ја свикува Комисијата. Меѓутоа ќе ви кажам зошто е тоа така. Тоа е така од проста причина што материјалот кој на него му беше од интерес, помина, материјалот кој беше од интерес на опозиционата партија СДСМ, помина, а материјалот кој говори нешто спротивно од интересите на таа партија е на дневен ред и претпоставувам уште долго време ќе чека затоа што треба голема сила да собере господинот Поповски да дискутираме на таа тема. Мислам дека опструкцијата е очигледна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте да упаѓате од место.

Вие господине Петровски обраќајте се само на Парламентот.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Опструкцијата е очигледна затоа што на дневен ред доаѓа материјал кој е гледан и во Комисијата на господинот Петковски, Анкетната комисија за заштита на човековите права и слободи. Станува една конструкција затоа што господинот Поповски знае дека нашата партија, бидејќи предлагач се јавува партија, сака овој материјал да дојде на дневен ред на Собранието и сака македонската јавност да биде запознаена со методите кои биле применувани од страна на СДБ, односно ДБК спрема членовите и седиштето на ВМРО-ДПМНЕ. Ова е материјал за кој низ неколку комисии оценивме, и како партија цениме дека се наоѓа во една релација, односно дека е материјал кој многу подобро објаснува како практицирале некои луѓе во власт материјал кој изгледа содржи она што може да биде единствено релевантно за нас како сериозни политичари, а тоа е материјал кој во себе има налогодавач, наредбопримач, луѓе потпишани, па ако сакате во детаљи и луѓе на кои им е испраќан тој материја, а тоа е господинот поранешен министер за внатрешни работи Чокревски кој ги имал на увид овие материјали. Претпоставувам дека на овој материјал сеуште ќе му се прави опструкција на Комисијата, од проста причина што се разликува од материјалот што досега го имавме на увид. Овој материјал има веродостојност. Сите други материјали немаат веродостојност. И господинот Црвенковски кој не ме удостои да ја ислуша мојата дискусија и да ги слушне моите мислења, треба да одговори пред македонската јавност дали тој прислушкуваше, ако не тој, кој, кој му ги даде материјалите и врз основа на што тврди дека се релевантни? Во тие материјали нема ниту потпис, ниту печат, ниту наредбодавач, ниту извршител, ниту никој.

Врз основа на еден случај јас ќе ви кажам дека јас можам да се сомневам дека и господинот Црвенковски прислушкувал. Станува збор за обидот за шпиунирање на белата куќа. Ќе дозволите да го поделам со вас овој пример, иако гледам дека малку вицкасто ги доживувате овие работи, очигледно дека не ви одговара опозитен став, туку дека може само силина на вистина и на догма да има само ваше убедување.

Станува збор за случај во кој странски шпиунски агенции или тајни служби вградуваат и пенетрираат во тајната комуникација на клинтоновата администрација. Станува збор, според она што го открил ФБЈ, за израелци. Јас претпоставувам дека они не дошле во белата куќа од внатре да слушаат. Така што многу лесно овој случај може да отиде и во насока на тоа дека тука некој паралелно прислушкувал, иако тоа не го откривме и немаме начин на кој можеме да го откриеме.

Исто така јас како член на Комисијата можам да се сомневам дека можела и странска служба да ги прислушкува нашите разговори, па да му ги доставила на господинот Црвенковски од незнам какви побуди, можеби сакале да го наместат. Требало да размислува малку. Значи некое тајно коферче, не знам каде, во некој сеф, па, нели, како тврди односно, не ги знае информаторите, филмови прави. Така што мислам дека господинот Црвенковски ако не се изјасни пред македонската јавност, а јас сакам да се изјасни, е на многу тенок мраз. Нема ниту еден показател на ништо друго, освен дека тој прислушкувал. Колку да ви биде тоа несимпатично, и нереално и колку да ви е неприфатливо, меѓутоа македонската јавност е ставена на бездна. Господинот Црвенковски се расфрла со бројки, проценти, страници, служби, не знам што, државни тајни се издаваат. Знаеме дека во Македонија функционира и те како КОС. Знаеме дека структури останати од поранешната ЈНА сеуште функционираат. Тоа впрочем јас не го сметам денес за државна тајна затоа што беше објавено во весник, и за КОС, тоа што требаше да го прочитаме ние како нешто релевантно, како нешто тајно, да ги заштитиме нашите луѓе и нивната безбедност што се занимаваат со контраразузнавање, што се обидуваат да ги лоцираат сите нив. Едноставно мислам дека, ако сакате да шпекулирам, можеби го намести и некој од СДСМ, некоја ваша работа, така да нема да навлегувам во тоа.

Обидувајќи се да направам еден сублимат морам да обрнам малку внимание на заклучоците што ги донесовме како Комисија, затоа што мислам дека тие заклучоци единствено можат да бидат валидни, тоа се зборови кои треба да ги потврди Собранието, или да ги отфрли, да им поднесе амандмани Собранието, да ги измени ако смета за своебитно и тоа се зборови што како заклучоци ќе произлезат

од нашата работа, ќе ја направат нашата работа валидна и ќе имаме врз основа на што да се повикуваме. Меѓутоа, господине Поповски вие не можете да парафразирате заклучоци. Јас внимателно ве слушав од место. Ние како Комисија се расправавме за секоја точка, за секоја запирка и не можете вие да излезете во својство на известител на Комисијата и со целата тежина на претседател на Комисијата да кажете дека ги парафразирате заклучоците. Значи вие можете да ги прочитате заклучоците, или да оставите заклучоците да ги прочитаат оние на кои им се упатени и кои треба битно да се произнесат. Вие не можете да парафразирате заклучоци. Мислам тоа е додатен мотив, односно потврда на вашата неискреност и на вашето непрофесионално водење на Комисијата, поради кое мислам дека треба да си дадете оставка.

Сега ќе одам малку по ред со заклучоците да ве потсетам како работевме. Но, пред да поминам на тоа да ви кажам дека денес добивме допис од Владата. Денес заседаваше Владата и добивме допис. Јас незнам дали вие воопшто го прочитавте тој допис. Незнам дали ви е валидно што во оваа држава постои Влада. Добро, сега не е на СДСМ и мислам така и ќе остане, меѓутоа таа Влада ви достави заклучоци во кои се вели дека, согласно член 18, јас сакам да ги прочитам за да не остане некоја дилема пред македонската јавност. Вие издадовте редица државни тајни во вашиот говор тука, за што се договаравме дека ќе бидеме внимателни. Не можете вие од позиција на партиски маркетинг или од позиција на еден партиски тврд агол тука да раскажувате што сме виделе во МВР. Тоа што го видовме не го видовме ниту како СДСМ ниту како ВМРО -ДПМНЕ. Никогаш, како член на ВМРО - ДПМНЕ, или вие како член на СДСМ не би можел да ги видам тие прислушни уреди, да не бев член на Парламентот, односно да не бев член на оваа Комисија во која членуваме заедно. И мислам дека имате страшно голем проблем да направите дистанца од вашата партиска припадност која што ви смета во работата на оваа комисија.

Да се вратам на тоа што ни го даде како мислење Владата.

Таа побара од нас, мислам, а требаше најкоректно да се држиме до тоа, не затоа што тоа е Влада на која јас и давам поддршка, туку затоа што станува збор за државни работи.

Таа побара од нас, согласно член 18 став 2 од Законот за внатрешни работи, член 10 став 2 од Законот за Агенција за разузнавање, да се утврди мислење од аспект на заштита на тајност на одредени делови на информацијата и Предлог - заклучоците на Комисијата за надзор над работата на ДБК и Агенцијата за разузнавање. Во таа смисла како тајни делови на информацијата, на Комисијата на ДБК и Агенцијата за разузнавање, предложи да ги утврдиме овие работи, односно овие пасуси. Сега да не ги набројувам пасусите, затоа што ако ги набројам овие пасуси, а утре сигурен сум дека ќе дојдат сите тие информации до новинарите, ќе знаат многу прецизно и многу остро кои се тајните делови од таа информација. Вака можеби нема да успеат да ги откријат сите тајни.

Што направивме сега ние? Затоа што имате потреба Владата да ја срушите, ние сега направивме едно целосно декоспирирање на тајните служби и ќе ни требаат години да се вратиме во едно нормално функционирање на истите. Мислам треба да бидете многу внимателен кога некои работи ги соопштувате на ваков начин.

Имам редица забелешки на тоа ваше парафразирање на заклучоците и морам да ви кажам дека со некои не се согласувам, иако останувам на тоа дека единствено врз основа на што ние како Комисија можеме да дискутираме, е овој текст кој го изработивме заедно и Собранието има можност да поднесе амандмани. Поднесете вие како пратеник амандман, ако не ви се свиѓаат некои реченици, па да ги измениме. Не можете вие да парафразирате, да излезете од надлежностите на Комисијата. Еве прва работа на која се сетив во моментот е за Телекомот.

Не знам дали се сеќавате, да потсетам во врска со Телекомот, кога вие рековте дека ќе дискутираме само во рамките на нашите надлежности, а насловот на Комисијата за контрола над ДБК и на Агенцијата за разузнавање, Телекомот никаде не е пишан, иако јас не го штитам Телекомот. Меѓутоа, дали се сеќавате што кажавте вие кога рековте, ајде нека дојде господинот Бранко Црвенковски пред Комисијата да ни каже што и како мисли затоа што е инволвиран во аферата. Што рековте вие? Рековте не. Ние можеме само овие две институции да ги контролираме. И бидејќи сакаме да има демократичност, рековме ќе ги контролираме само тие две институции. Во тој правец вие и вашата методологија на работа, правите да не може да се контролира Телекомот, а не некој друг. Затоа мислам дека не смеете да го ставате во фокусот на интересот Телекомот,

бидејќи вие утврдивте методологија по која сакавте да работиме. Инаку прв и основен кој требаше да дојде пред таа Комисија, меѓу другото беше и господинот Црвенковски. Вие го заштитивте. Ние прифативме затоа што можеме да го повикаме и во пленарна расправа да дискутира, веројатно ќе дискутира, па да видам како тоа он мене ме прислушкувал. Сакам да ми објасни.

Велите дека, по точка 8, затоа што не сакам да ги образложувам и да разглабам многу по другите точки.

Вели: - Од сознанијата што Комисијата ги доби од надлежното министерство, Собранието констатира дека МВР сеуште не располага со сознание за постоење на паралелен систем за прислушкување и дека работи на утврдување на фактите. Значи отворена е процедура која едноставно не можеме ние да ја доведеме во ситуација, пред свршен чин, да кажете немаме информација. Ние не можеме за потребите на една одредена политичка групација и гарнитура, по секоја цена, во точно одреден временски интервал да кажеме, сега до 12 часот денес морате да ни дадете информација, во спротивно ние како Собрание ќе констатираме дека вие џабе работите, партиски сте определени, не стоите на професионализам. Едноставно можеме и да ве распуштиме вас.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:** (Продолжение)

Ова е парафразирање г-дине Поповски. Она што најмногу можете да парафразирате е член 9, каде што се јасни некои работи, само што вие не сакате да ги видите.

Комисијата од увидот во деловодните книги, констатира дека нема прислушкување на инволвираните лица тоа е вистина. Не можете вие врз база на парафраза да кажете дека никој при здрав памет не ви доставил докази. Познато ли ви е дека некој на друг начин работи. Дали се повикувате на некои партиски искуства од некој претходни периоди. иако, да речеме, јас имам еден куп досиеја, меѓу другото, моето, партиското досие, а тоа значи дека некој оставал докази.

Јас незнам врз основа на што вие можете да заклучите, дека некој криел докази. Знаете ли колку е голема тежината на тој исказ. Знаете ли колку е голема одговорноста, доколку не можете да го потврдите спротивното. Јас незнам како ние овде можеме да се расфрламе со некои зборови, со некој констатации, кои што апсолутно, немаат никаква врска со работата на Комисијата. Како го заклучивте тоа дека нешто се држи во тајност, освен ако немате предрасуда дека нешто мора да се држи во тајност, а таа предрасуда може само да ви излезе сопствено искуство. Некаде мора да Ви е втемелено искуството, живеачката, вашето политичко занимавање. Во умот ви функционираат механизми, се знае што следува како исказ: импликации, негации, да не навлегувам во логичен начин на функционирање. Во мојот склоп јас не можам нешто да држам во тајност, ако сакате обвинете ме за парцијаштво, меѓутоа, јас ги гледав книгите како што ги гледавте и вие, претпоставувам дека диоптријата ми е слична, претпоставувам дека едноставно, нашите чувства, кои што ги имаме од Бога се помалку или повеќе исти. Јас незнам од каде вие видовте дека некој крие докази, дека нешто се држи во тајност. Тие луѓе разговараат со нас, ни ги дадоа книгите.

Внимавајте, во случај да се утврди дека вие сте во право јас ќе го подржам Вашиот став. Апсолутно ќе бидам жесток. Ќе предлагате санкции, ќе тврдите дека треба политичка одговорност, ќе ги повикувате луѓето, ќе ги "распнуваме на крст", за се ќе стојам зад вас, меѓутоа кога ќе ми докажете и кога ќе кажете еве ова се држеше во тајност, односно, еве овој г-дин е тој што ги доставува материјалите, а тој е лоциран во таа техника и тој слушаше и тој ќе потврди дека некој од таму му дал налог. Во спротивно, зборуваме, односно продаваме "ветер и магла" и мислам дека ја водиме оваа афера во партиски исход. Оваа афера не смее да има партиски исход. Оваа афера мора да има државен исход, мора да ја отвориме, да ја дискутираме, да ги бараме виновниците, да ги изнесеме пред лицето на правдата, да донесеме ставови како Собрание и да бидеме толку жестоки, никогаш повеќе да не ни се повтори. Во спротивно, ќе биде она што вие го предлагате. Да констатираме дека државни органи прислушкувале, да си парафразираме заклучоци, вие кажувате нешто што нема врска со работата на Комисијата ја ќе ве потсетам, вие не дозоливте г-дине Поповски во работата на Комисијата ни еден член да се произнесе со сопствен став. Јас ви поднесов заклучоци, кои претходни ви најавив, а за тие заклучоци вие половина час се инатевте свои заклучоци да предложите, само затоа што вие сте биле претседател на Комисијата и само за тоа што сте немале мнозинство. Вие не ми дозоливте и мислам дека ми беше узурпирано правото како член на

Комисијата да размислувам, да работам во таа комисија и да предлагам свои заклучоци, врз основа на тоа што го сретнав во заедничката работа. Тоа е уште еден факт и уште една работа, поради која што мислам дека треба да си поднесете оставка.

Понатаму во точката Десет, "Собранието на Република Македонија констатира дека со прислушкувањето е направена груба повреда на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, особено со тајноста на писмата и другите облици на општење". Ова не може Собранието да не го констатира, тоа е факт. Меѓутоа, вие не можете да кажете во таа фраза, дека тој факт е дека државните органи прислушкувале. Јас ви кажав неколку примери извадив пример дека ФБЈ се занимавале со тајни служби, кој што провалиле и во Белата куќа и во Стејдепартментот. Ги разбиле комуникациите. Вие знаете дека разговаравме често пати на таа тема дека суфистицираноста на опремата денеска е дојдена до таму, што еден обичен мобилен телефон може да снима 60 минути разговор, дека преку сателит може да се впива целата фреквенција на цела една држава. Јас воопшто незнам што ви е вам смешно. Вие дали ќе бевте сериозни ако да речеме г-динот Георѓиевски нареди прислушкување и ајде сега него да го растргнеме. Можеби, така ќе бевте среќни. Но тоа сега не можам да ви го кажам, ако сакате да ви кажувам приказна пред спиење, ќе дојдам и ќе ви раскажам. Меѓутоа, од оваа позиција тоа не можам да ви го кажам, затоа што сепак, нашите ставови мора да бидат релевантни и да се потпрат на нешто. Вие дојдете и раскажете ми приказна дека г-динот Црвенковски прислушкувал. И јас супер ќе се чувствувам. Еве го најдовме виновникот. Јас не сакам него да го прогласам за виновник, меѓутоа, единствено тој може да ми објасни од каде е мојот разговор кај него. Тоа сакам да се случи. Затоа што не сакам мојот разговор да го даваат новинарите од оваа или од онаа куќа и да ми го читаат сите. Затоа што приватноста е загарантирана, јас можам да зборувам и глупости по телефон ако сакам во слободно време. Тоа не може некој да ми го ограничи. А некој се труди тоа да го направи, затоа што форсира една афера која што оди во таа насока. Значи, Собранието недвосмислено сметам дека ќе констатира за грубата повреда на основните права и слободи на граѓаните, како што констатиравме и на Комисијата кај г-динот Цветковски, мислам дека недвосмислено ќе застанеме како државен дом во заштита на правата на поединецот и дека ќе бараме начин тоа да не се повтори. Меѓутоа, исто така, ако вие г-дине Поповски сметате дека има независност и поделба на власта на неколку нивоа, како Собрание, како Влада и како судство, кој се втемелени како основни вредности во македонскиот Устав, ве повикувам да си го повлечете зборот назад, или да си поднесете оставка. Изберете што повеќе ви одговара, или пак, да се оградите како претседател на Комисијата од кој став. Вие не можете да го коментирате начинот на работата на судовите. Знаете ли колку примери има во врска со диловите, кои што можеме ние како партија да ги коментираме и да бидеме незадоволни и до сто и една и назад да се вртиме и никако да дојдеме во една ситуација да бидеме во право.

Јас незнам од каде ви е правото во еден ваш заклучок, во кој што кажуваме дека Јавното обвинителство и надлежниот суд да постапуваат во согласност со прописите и да ја забрзаат истражната постапка, односно судската постапка. Незнам од каде ви е правото вие да давате оценка дека насоката е погрешна. Јас само ве прашувам да ми одговорите како ќе ви беше исправна постапката, досега да осудевме некој? Да кажевме еве г-динот Црвенковски ги даде известувачите, ги откри анонимните доставувачи од Македонија, или надвор од Македонија и сега, тие и тие луѓе се виновни. Вие знаете дека во секоја една институција постои начин, време да се разгледаат материјалите. Ние имаме илјадници страни во Комисијата. Како сакате ние да извлечеме или да дадеме релевантни ставови, зад кој ќе стоиме како сериозни луѓе, ако не можеме да ги прочитаме материјалите. Каде бевте како луѓе, како политичари кога го нападнаа г-динот Киро Глигоров, кога се бореше за живот, а кога не отворивте како Собрание ниту Анкетна комисија, па ниту еднаш овдека заседававте. Тоа ли е демократија. Каде бевте кога не водева досие како 24 годишен студент, не ви се бендисува што протестиравте, па прислушкувавте разговори, каде бевте кога следевте девојки кој контактирале со мене, зашто не ви била јасна линијата на комуникација, па сте мислеле како да комбинирате оперативност спрема нив. Сега ли дојдовте да ми зборувате за демократија. Каде бевте кога Државната безбедност кога ја контролираа ваши функционери, пишуваше извештаи, ако сакате ќе ви ги читам, да ми подметнат дрога, за да можат оперативно да комбинираат према мене. За жал, јас не

користам како некои други дрога, па не можеа да ми подметнат. Сега ли дојдовте да ми зборувате за демократија. Ако сакате ќе ви го доставам на увид досието. Таму пишува со релевантни потписи, со заклучоци што треба да се прави да се дискредитира носителот на севдонимот. Ваш проблем е ако не сте го читале. Јас тоа го објавив во јавноста. Едноставно, за да ја спoредиме демократијата, да видиме кој како сака да ја практицира демократијата. Кој мене може да ме убеди дека вие ако повторно се вратите на власт, дека нема да водите досиеја. Вие не се враќате на власт, „амин Господе". Значи, едноставно што е тоа што може на мене како на човек или на било кој тука присутен, или на било кој од македонската јавност да му каже дека "океј" СДСМ се враќа на власт, нема да водат идеолошки досиеја, нема да прислушкуваат телефони, нема да ги следат партиите, нема да не анализираат од "глава до пета" нема да не сликаат, како што имаме слики. Кој за тоа може да ми каже. Да ги спoредиме случаите и да бидеме многу внимателни и едноставно, да покажеме една сериозност, а таа сериозност може да ја покажеме и да ја промовираме пред македонскиот гласач само со работа, а таа работа да кореспондира со реалноста.

Во таа насока сакав да прочитам заклучоци, кои што на г-динот Поповски му се видоа како баук, а јас ги предложив врз основа на работа, како член на Комисијата за ДБК. Само да ви кажам што сум предскажал. Што може да биде релевантно според мене. Не мора да го прифати Собранието. Меѓутоа, би сакал да го има предвид, за да дадеме тежина, реалност и објективност на овој случај, согласно на она што значи политички живот и политички ангажман.

Јас имав еден заклучок, кој што го претопивме во сите четири заклучоци, што ги предложи г-динот Поповски, меѓутоа, бев прилично демократски настроен, да речам, се расправавме напред, назад, лево, десно, меѓутоа, мислам дека утврдувањето на заклучоците ни одеше доста добро, иако не ни одеше сто посто лесно. Во тие заклучоци мислам дека се договоривме, па затоа е мојата реакција доста остра, затоа што Вие парафразирате заклучоци, кои што, според мене не можете да ги парафразирате. Мислам дека само можете да останете на нив, а парафразата да ја замените со амандман.

Сакам само да ги ставам на увид на пратениците, односно на македонската јавност методите, односно начините на кои што сметам дека овој случај треба да продолжи да се решава, односно да биде затворен. Значи да не се расправаме тука десетина дена и ништо од тоа да не излезе, туку да го затвориме овој случај, повторно да не ни се повтори.

Комисијата за надзор на ДБК и Агенцијата за разузнавање и натаму да работи на расветлување на случајот, со масовно прислушкување на разговори на носители на јавни функции, новинари и граѓани на Република Македонија, од при крајот на 2000 година.

Врз основа на своите уставни овластувања и овластувања што произлегуваат од Деловникот на Собранието на РМ и Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на РМ и доколку дојде до дополнителни сознанија за утврдување на сторителите на масовното прислушкување на разговорите, затоа да му поднесе извештај на Собранието на РМ, со предлог на покренување и утврдување на политичка одговорност. доколку масовното прислушкување на разговорите е направено со наредба на раководни личности на државните органи, со пречекорување на своите уставни и законски овластувања. Значи, треба да продолжиме со работа, да не го баталиме случајот. Ако утврдиме дека навистина некој ги прекршил своите овластувања, да го повикаме на политичка одговорност. Тоа во овој момент не можеме да го направиме.

Во точката Три: МВР и Агенцијата за разузнување и Министерството за одбрана, како и АД Македонски телекомуникации од Скопје, да ја интезивираат постапката за утврдување на евентуален упат во телекомуникацискиот систем, а во остварување на своите надлежности и функции, во областа на користењето на телекомуникациите, да постапуваат во согласност со: уставните, законските и подзаконските одредби, што ја гарантираат слободата, тајноста и приватноста на употребата на телекомуникациските средства и доколку преку внатрешните контроли и истраги се утврди дека постои основано сомневање за неовластено прислушкување и тонско снимање на телекомуникациските разговори на граѓаните, да превземат најенергични и дисциплински мерки против сите лица кој ги пречекориле своите службени овластувања. Значи, надлежните органи, кој што се од извршната власт, да продолжат со постапката, да ги најдат и да делуваат против тие, доколку ги најдат.

Четврто, Јавното обвинителство во Скопје и Основниот суд – Скопје 1, во рамките на своите уставни и законски надлежности, како самостојни и независни органи, да ја интезивираат кривичната постапка, што се води против непознат сторител, за кривично дело неовластено прислушкување и тонско снимање, по член 151, став 4, во врска со став 1 од Кривичниот законик, за што побрзо и целосно кривично правно расветлување на случајот, со прислушкувањето на разговори на носители на јавни функции, новинари и граѓани на РМ и по откривањето на сторителите на кривичното дело и утврдувањето на нивната кривична одговорнсот и спрема нив да се извршат примерни казни. Ова може само да биде разрешница на свој случај не можат да бидат парафраза на заклучоци, кои што ќе не водат во "партиски води". Вие имате органи во државата, кои што можат да го решат овој случај. Јас да ви кажам, сакав овие заклучоци да ги поднесе Комисијата, како свој. Едноставно, немаше разбирање, се повлеков, меѓутоа, сега ги ставам на увид пред вас, за да видите дека станува збор за едно сериозно работење на проблематиката и дека едноставно, јас не ја сфаќам оваа проблематика како нешто што случајно се случило и како нешто што можеме со некоја нова афера или со "распнување на крст" на некој друг политичар што не ми се допаѓа, да ја заборавиме.

Пето, Собранието на РМ да и препорача на Владата , во рамките на својата уставна и законска надлежност, да го зголеми надзорот над работењето на органите и службите во надлежните државни органи, што ја вршат телекомуникациската функција, со што ќе се зголеми одговорноста на лицата што работат на извршување на телекомуникациските функции, во интерес на државната и јавната безбедност, како и одговорноста на одговорните функционери во овие државни органи за обезбедување на почитувањето на уставните законски и подзаконски одредби, што ја гарантираат слободата, тајноста и приватноста на граѓаните, при вршење на телекомуникациски разговори.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:** (Продолжение)

Тоа можеме ние да го направиме. И сметам дека во врска со овој предлог има и една добра димензија од овој случај. Претпоставувам дека ако успееме да го решиме, или на начин на кој што го водиме ако му дадеме соодветна тежина да бидеме спокојни во неговото решавање дека во нашето практицирање понатаму во иднина како Македонија на демократијата нема веќе да се сретнеме со ваков случај и тоа може да биде придобивка за оваа држава. Значи, може да најдеме и нешто кое што ни дава за право да се надеваме дека ќе ја развиваме демократијата.

И последно, тоа денес го видов во заклучоците на Владата, меѓутоа исто така сум го мозгал и размислувал Владата да ни достави во најкраток можен рок како Собрание предлог за пристапување на измена на член 17 од Уставот со кој ќе биде, односно кој ќе биде основа за донесување на четвртиот амандман со што ќе се уреди уставниот принцип за гаранција на слобода и тајност на средства на комуникации, на тој начин да се создаде баланс меѓу приватниот и јавниот интерес во уставното нормирање на овој принцип, а што ќе биде уставно правна основа Владата на Република Македонија да му предложи на Собранието да донесе закон за услови и постапка за следење на комуникациите со кое ќе се утврди дека само со одлука на суд и со закон утврдена постапка може да се ограничи таа тајност на комуникација, односно на средствата на комуникација, а заради попречување и откривање на тешки кривични дела, или ако е тоа во интерес на безбедноста и одбраната на Република Македонија со што законодавството на државата, односно овој состав тука ќе донесе закон кој што ќе се усогласи и хармонизира со законодавството на Европската унија. Ова јас мислам како член на Парламентот и како член на Комисијата за контрола на тајните служби дека може да биде единствена разрешница на овој случај, дека може да му даде заокружување кое што може да го бараме како луѓе кои што партиципираат во државен орган кој што носи закони и кој што има уставна надлежност за контрола на овие служби, уставна надлежност за контрола на извршната власт и орган кој што мора со својата тежина да се најде, да се наднесе, односно застане далеку над партиските интереси и партиските потреби на позициони, или опозициони групации кои што едноставно во својата безпоштедна борба за власт не бираат средства да го оцрнат противникот, а со тоа и нанесуваат најголема штета на државата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Радмила Шеќеринска има реплика.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Мене ми станува јасно после вака долгата дискусија дека поради големиот број на информации кои што секојдневно се

слеваат во главата на нашиот колега со цел да го подготват за новата дипломатска функција која што тој ако се послужам со неговиот речник ја доби од чисто непартијашки причини, туку се разбира строго стручни и дека тој слет, тој слив на информации го оневозможи да го запамети она кое што му е потребно за денешната седница. Имено, денеска на дневен ред на оваа седница имаме информација, меѓутоа не за работата на Комисијата за надзор над работата и Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање, туку информација за констатациите и сознанијата на оваа комисија во поглед на масовното прислушкување на разговори на носители на јавни функции итн. Значи, навистина е залуден напорот на некои наши колеги овде да ја дефокусираат расправата од она што ни е проблем кон она што тие сакаат да го направат проблем. Проблем на Република Македонија не е тоа како се дискутирало и кој дискутирал и како дискутирал и што предлагал на седниците на оваа Комисија, проблем е дека постоело прислушкување во Република Македонија во еден одреден период и за тоа треба да дискутираме. Меѓутоа, мене ми е јасно дека во отсуство на било каква аргументација нашиот колега го повторува она што го направија неколку носители на политички функции, почнувајќи од премиерот преку министерот за внатрешни работи, а тоа е да се концентрираат не околу проблемот, туку околу тоа кој ни го соопшти проблемот во јавноста. Ако денеска ги слушаме овие две, три дискусии, и ако се потсетиме на неколкуте изјави кои што доаѓаат од устата на премиерот, ќе заклучиме дека прислушкувањето во Македонија, ако постоело било вина или на Бранко Црвенковски, тоа е верзија а), или на Љупчо Поповски, тоа е најновата верзија б) која што денеска ја дознаваме. Проблемот кој што го имаат сите овие наши колеги, или премиерот е следен, дека денеска и целиот изминат период јавноста сака да знае кој прислушкувал, кој ја носи и политичката и секаквиот друг вид одговорност. Денеска ќе слушнеме по се изгледа различни филмски експликации за тоа како можело, или како требало нешто да се случи, меѓутоа, она што досега го чувме не беше дури и од некој акционен, па дури ни од научно фантастичен жанр, туку навистина на ниво на цртан филм. Ако ја примениме логиката која што досега ја чувме, а тоа е Бранко Црвенковски ни соопшти дека имаше прислушкување, па заради тоа тој ќе биде единствениот виновник, се додека не се најде некој друг, тогаш јас би рекла дека за неколку настани околу кои што беше потресена македонската јавност, на пример неколку убиства, прво на полицајците во Арачиново, понатаму убиството кое што се случи за време на локалните избори, а кое што ни го соопшти министерот за внатрешни работи, треба да го толкуваме како вина на министерката за внатрешни работи, се додека таа не ги пронајде одговорните. Ваквите логики, односно антилогики прво ќе ја закопаат Владата. Јас би ги замолила колегите во понатамошниот тек на седницата навистина да се воздржуваат од вакви нонсенси. Меѓутоа, би заклучила ако целта ни е како што неколку пати беше декларирано да зборуваме за проблемот на аферата прислушкување, па ете споменете го тоа во дискусиите. Тоа го споменувате на ниво на декларација и потоа продолжувате ама крив ли е тој што ни кажал дека има, крив ли е тој што излегол со аргументација дека има, крив ли е оној што покажа каква ни е Владата, колку ни е гола, колку ни е тоталитарна, колку ни е недемократска. Ако вака ја водиме дискусијата, не десет дена, туку десет месеци ќе ни трае.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Би сакал ако може да ми дозволи госпоѓа Шеќеринска да и реплицирам, бидејќи очигледно најубаво би било кога би била во ситуација само таа да дозволува некои работи да се толкуваат и да се искажуваат како ставови, Госпоѓа, госпоѓица, мене ми е сеедно. Морам да ви кажам една работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За неа не е сеедно и не треба така, треба да внимаваме.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Се извинувам. Ја сфаќам грешката, се извинувам и на претседателот на Собранието и на колешката Шеќеринска.

Ако вие имате во вашето сетило за слух проблеми да чуете што јас кажав, тогаш читајте ги стенографските белешки. Апсолутно ви благодарам за можноста што уште еднаш ми дозволувате да излезам и бидејќи ве познавам како сакате да комуницирате со мене, сигурен сум дека ќе имам можност уште два пати да ви реплицирам и последен ќе бидам јас, за жал, бидејќи вие први реплицирате. Да ви кажам дека не еднаш, сто пати ќе повторам, тој што е виновен, што прислушкувал треба да биде зад решетки, затоа што Кривичниот законик тоа го утврдува, вели: три години затвор, до три години затвор. Што сакате да кажам друго? Вие имате еден проблем, вие сакате да кажам, ајде господинот

Георгиевски или Димовска да ги ставиме три години во затвор без никаква реална основа, без ниеден факт, само заради ваша гола потреба. Јас незнам како тоа да ви го приближам, очигледно е дека вашето идеопоклонство кон Вашиот лидер госпоѓа Шеќеринска и во вашата потреба да му се удварате, имате намера да ме навредувате. И продолжете да ме навредувате. Да ви кажам, навредите од вас ги доживувам како едно раскрилување, само ми даваат повеќе сила, затоа што не можам да оценам дали вие им ги давате налозите на новинарите како да настапуваат спрема мене, или новинарите ви ги даваат на вас налозите. Така што добро е, се води една расправа во која што се соопштуваат и се отвараат картите. Ако сакате ќе зборуваме за разговорите, прочитавме што имаше таму во тие разговори. И не можете вие како едно ситно апологетче да дојдете и да го браните господинот Поповски, затоа што јас сум го нападнал зошто не се сложувам како работела Комисијата. Па ви кажав редица факти. Еден единствен факт е дека не може господинот Поповски да парафразира, или може за потребите на СДСМ. Во заклучоци кои што допираат тајни служби, државни тајни и кои што деконспирираат цел систем што десет години го гради оваа држава, вие сакате тој да ги парафразира, а јас да му кажам, браво. Е, јас не можам така да настапувам.

Ако ве интересира нешто во врска со дипломатската активност, може да се договориме после седница да ви ги раскажам сите работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Амди Бајрам процедурално.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитуван господине премиер, почитувани господа министри, почитувани колега пратеници, јас мислам дека денеска седницата ќе беше многу побурна, но бидејќи не стана толку бурна седницата, никој до денеска не учествуваше на оваа седница од опозицијата и денеска толку беа спремни да дојдат и ги очекувавме да дојдат, еве јас седев на првото место и толку бев културен, си отидов таму на другото место каде што седам. Значи тоа ќе беше првата бурна седница меѓу нас, но сакам да кажам само едно.

Сега процедурално сакам да кажам што во Собраниево овде дискутираме некоја работа. Првенствено имам забелешка на Комисијата која работеше, затоа што не си ја изврши работата како што треба. Зошто? Овде во државата некој сакаше да направи дестабилизација на државата и народот да го дигне на бунт и фактички народот е дигнат на бунт. Значи со тоа Комисијата до крај не ја заврши својата работа. Требаше во јавноста кога се излезе кој, што и како дошол до некоја документација, МВР што ја издава, ако некој од МВР издал некоја тајна и се издава тајна во оваа држава и тајната оди надвор од државата, се прави дестабилизација во оваа држава и кој кому му ги доверил тие документи. Јас мислам дека првенствено тој требаше, да видиме од каде, затоа што кажа дека има малку документи, а има големи документи.

Второ, ние пратениците овде го претставуваме овој законодавен дом и ги окривувам сите и претседателот на Собранието требаше да биде толку упорен до нас да ги достават сите материјали за да видиме кој, што, каде, можеби сме и ние некои пратеници од тука што не знаеме што се случува со нас. Сите материјали треба да бидат до нас доставени, бидејќи тоа излезе во јавноста, кога можеше до новинарите да се достави, можеше и до пратениците да се достави, затоа што и ние треба да ги добиеме тие материјали. 5%, 10% се дало, а 90% од материјалот не се дало ништо. 5%, 10% од тоа се дало, другото не се дало на увид. Тоа треба строго да се казни, затоа некој треба да се земе на одговорност. И Комисијата да се земе на одговорност, затоа што не преземала, Комисијата требаше да направи притисок на тој кој во јавноста ги покажува документите и кој му ги дал документите, па дури тогаш да го чистиме ова дело, а не да бараме оставки од овој, од мене, или од трет, или од четврт, или од пет. Јас мислам дека работата не е извршена како што треба. Не треба директно да удираме и дестабилизација. Уште други работи ќе се случат. За ова ви кажувам, затоа што се што ќе почне, се треба да има процедура и секој треба да си сноси одговорност, првенствено јас ако погрешам како пратеник, па понатаму и друг пратеник и трет и четврт, дали опозиција, дали од власта, кој како ќе погреши, така треба да сноси одговорност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

После ќе дискутирате.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине претседателе, не ме прекинувајте, зошто ме прекинувате?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Морам да ве прекинам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Па не мора да ме прекинете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема чаре, мора.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Не, има чаре.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаш деловничка интервенција, направија и готово.

Еве, рече дека Комисијата не ја завршила работата.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Претседателе, не ме прекинувајте во мојот говор, затоа што немате потреба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега не сте на ред.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Не, Вие не ја заваршивте вашата работа што требаше. Токму вас ве окривив затоа што требаше документите што ги имаат доставено и во јавноста што ги има, требаше да настојувате да ги добиеме сите пратеници, да знаеме што се случува. Фактички ја нема цела документација. Тајната не ни ја дадовте на нас пратениците, а јавноста, значи во медиумите ја има. Ова е сериозна работа. Не сакам да ме прекинувате, зошто ме прекинувате?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па затоа што дојде на говорницата за деловничка интервенција. Имаш право како секој пратеник да се пријавиш за учество во расправата. Ќе ви дадам збор и пријавен си.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Деловничко е друго, а процедурално е друго господине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затоа за другото немој да зборуваш.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Е, па не може Вие да ми наредите што ќе зборувам јас.

Јас овде зборувам како пратеник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само за деловничка интервенција дојде овде. За тоа другото не тие е редот, ајде.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Нека биде по ваше.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Делче Ицков има реплика.

**ДЕЛЧЕ ИЦКОВ:**

Почитуван претседатдле, почитуван премиере, дами и господа пратеници, јас како што ја разбрав Вашата сугестија, или реплика по однос на господинот Филип Петровски, јас разбрав дека денеска точно што го заклучивте имаме информација, имаме заклучоци, имаме процес прислушкување. И сега треба за тоа да разговараме. Сега да ви кажам, претседателот на Комисијата излезе овде и знаете што направи? Со еден мал збор да кажам, ја заобиколи вистината, да неречам лаже. Едноставно човекот си зеде за право она што го работевме, а работевме верувајте скоро секој ден се состанувавме, ги посетувавме сите институции и донесовме информација, донесовме заклучоци и доаѓа овде да каже: од тоа што ние не добивме, или што моето убедување, јас размислувам, констатирам дека е виновен МВР, констатирам дека е виновна Агенцијата, констатирам дека е сето тоа. Ние децидно и јасно во заклучоците кажуваме дека нема прислушкување во МВР, дека нема прислушкување во Агенцијата, дека нема ни во Министерството за одбрана. А сега да ви кажам, после ова бидејќи цела дискусија така ја водеше господинот Поповски, кога ова го констатиравме, јас само ќе ви кажам, бидејќи така почна тој, кога го прашав: добро, кога нема, каде е? Молчеше и одговорот беше дека е надвор, дека е надвор направена оваа цела афера, дека е надвор прислушкувано. Јас овде сега можам да застанам и да ви кажам, кога не се снимаа разговорите, кога седевме на страна со господинот Поповски што ми објаснуваше, како се дојдени материјалите, или и Бранко Црвенковски дека го знае и кој е фактички кртот и каде е извршено од надвор. Комисијата не го заклучи тоа. Комисијата децидно и јасно заклучи, имаме децидна и јасна информација. А не, доаѓа овде, констатира како што нему му изгледа. Пред се како претседател на Комисија требаше овде да дојдеш јасно и децидно да кажеш: оваа работа ние ја завршивме. Е сега, да ви го кажам моето мислење. Ти како што фати, предлог број 9, точка број 9 и "од деловодните книги што ги оствари Комисијата на Собранието нема прислушкување ниту инволвирани лица". Но, по твоја претпоставка, има прислушкување. Тоа не е работа на Комисија.

Требаше децидно и јасно да кажете дека Комисијата го сработи ова и ова. И тоа е факт. А вие гласавте за тоа. Вие гласавте дека нема прислушкување во МВР, во

Агенцијата и во Министерството за одбрана. А сега овде, незнам веројатно по препорака на господинот Црвенковски или нешто друго сакате да направите некоја лакрдија, но не е фер. Уште еднаш ви кажувам дека не е фер.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓица Шеќеринска нека одговори. Има право на реплика.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Во интерес на времето и во интерес на тоа, оваа дискусија помеѓу членовите на Комисијата очигледно е интересно да продолжи. Јас само два коментара ќе дадам. На колегата Ицков дека очигледно не разбрал тоа што сакав да го кажам. А на господинот Петровски дека на неговиот дипломатски речник никогаш не можеме да се изначудиме. Па заради тоа, пред таков речник и ние пратениците остануваме неми.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас би сакал најенергично да реагирам на дискусијата на господинот Делче Ицков, во која што тој кажува дека јас, во расправата на Комисијата, на прашањето кој, демек како не сме констатирале каде е тоа направено, односно прислушувањето, сум зборувал, тоа сум рекол дека некој од надвор го направил. Тоа е оргинерна лага, мислам. На крајот ан краиштата, за тоа што сме правеле разговори или сме разговарале на самата Комисија, постојат магнетограми, стенограми. Јас би замолил, заради достоинството на Собранието да не се служиме со такви работи. На крајот на краиштата мислам дека другите присутни членови на Комисијата можат да потврдат дека таква работа ниту сум спомнал ниту сум кажал. Не е сосема коректно од негова страна, особено и од господинот Филип, сега кога веќе земав збор за усогласени заклучоци да ми се префрла вина дека јас сум направил обид да ги парафразирам.

Јас, заклучоците воопшто не ги парафразирав, туку едноставно укажував на причините или дополнителни објаснувања или образложенија зошто сме дошле или сме предложиле таков предлог на заклучок.

Тоа е сосема исправно од моја страна, затоа што сметав дека и јавноста и Собранието треба да бидат комплетно информирани за тоа како Комисијата работела во изготвувањето на тие предлог заклучоци. Не сум кажал ни помалку ни повеќе од тоа што било дискусија и мислам дека ваквото сега водење на расправа, во вид на реплики, мислам дека го разводнуваат оној заеднички труд што како Комисија го вложивме и дојдевме до некој финален извештај со Предлог - заклучоци. Мислам дека на некој начин самите го негираат својот удел во работата на оваа Комисија. Мислам дека не е најмалку коректно од колегата Делче Ицков да спомнува таква работа. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега може господин Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Прво, за господинот Поповски, бидејќи ме спомна. Јас, апсолутно и понатаму останувам на ставот дека вие не можете да ги парафразирате заклучоците на комисијата. Колку што знам, процедура има во која што вие можете, бидејќи сте незадоволен, да си предложите амандман. Од друга страна, јас не знам зошто не можете да ме слушнете. Мислам ви разговарам народски, иако Шеќеринска инсинуира нешто друго. Ќе се вратам малку подоцна на тоа.

Станува збор за заклучоци што ги носи Комисијата што се занимава со тајни служби. Не можете вие ни запирка да додадете како плус на она што сме го договориле, затоа што тоа тангира државни тајни. Што е чудно тука, јас незнам. Да, гледам се смеете, на вас ви е супер, го деконспирирате целиот систем на државата и онака сега, одлично, немате никакво гајле. Сега ќе дојдете на власт и сега ќе ги активирате тие што се од надвор. Толку за господинот Поповски.

Сега малку за Шеќеринска.

Госпоѓице Шеќеринска, кој е анонимниот доставувач на материјалите? Вас, нели ве интересира? Би требало да се прашате кога седите во штабот на СДСМ кој е доставувачот на материјалите, дали од земјата или од надвор, или од МВР или не? Јас тоа сакам да го знам. Јас незнам дали во мојот народски говор, што немам намера да го сменам поради ништо, не успевам да допрам до вас. Тоа, затоа што, веројатно, вие размислувате како иден министер за наука во сенка на владата на господинот Црвенковски, а од релевантна позиција на асистент на факултет. Така ли? Што сте ја добиле поради тоа што сте многу паметна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Делче Ицков.

**ДЕЛЧЕ ИЦКОВ:**

Господине Поповски, јасно и децидно вие сте претседател на Комисијата за контрола над ДБК. Како таков, моравте да ги изложите, нашата Информација и

нашите заклучоци јасно и децидно. Тоа е прво.

Второ, факт е дека тоа го има во стенограмите, господинот Бранко Црвенковски го знае тој кој му ги доставил стенограмите. Господинот Бранко Црвенковски дефакто го знае, а и дефакто чин, ние, нема во МВР прислушкување, нема во Агенцијата, нема во Министерството за одбрана прислушување. Факт е дека Бранко Црвенковски го направил прислушувањето. Тоа е во стенограмите. А надвор, меѓу нас, бидете храбар, не се смејте, кажете дека точно, надвор е направено прислушувањето. Зошто се плашите тоа да го кажете? Бранко нешто ќе ви направи? Пратеник сте. Ќе останете и натаму пратеник. Бидете еднаш храбри. Цело време и јавноста ја заобиколувате и правите афери. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Флоровски има исто реплика.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Нека не биде реплика, кратко објаснување како член на Комисијата. Очигледно некому ќе станеме досадни, претпоставувам, меѓутоа работевме месец дена. Сметам дека она што го разговаравме и она што како заклучоци заеднички ги донесовме, освен трите точки од заклучокот, 8, 9 и 10 кои, за име на вистината беа спорни и тука настанаа главните спорови, но од 7 членови на Комисијата 6 гласаа за заклучоците.

Господинот Поповски не памтам дали рече дека треба да се издвои мислењето како директно како виновник ја посочува министерката, треба да се видат магнетограмите. Но добро. Има право на тоа.

Спорни беа трите членови:

Членот 8, што на некој начин модифицира, не модифицирање туку едноставно дека врз основа на она што го работевме во тие четири - пет продолженија фактите говорат во функција на тие заклучоци.

Тоа е точката 8 што гласи:

"Од сознанијата што Комисијата ги води од надлежното министерство (се однесува на МВР) Собранието на Република Македонија (значи ние како Комисија предлагаме, а Собранието е прашавме дали ќе усвои или не) МВР сеуште не располага со сознанија за постоење на еден паралелен (значи сеуште не располага) паралелен систем во државата и дека работи на утврдување на фактите". Тоа беше една од спорните точки каде што како Комисија разговаравме подолго на последнава седница која траеше три часа а може и повеќе.

Втората точка што исто така предизвика спор, да не кажам интерес на две страни е следната, вели вака:

"Од увидот во деловодните книги (или евидентни книги не е битно) што ги оствари Комисијата, Собранието констатира дека нема прислушување на инволвираните лица "т.е. лицата кои СДСМ ги понуди во вид на хартија, тоа се работи за политичари, новинари, граѓани итн. Значи, не констатиравме таква работа ниту во евидентните книги ниту наидовме на жив јазик, т.е. на сведок, човек кој ќе каже да, мене ми наредил началникот на V Управа или водичот на смена, незнам како ги викаат. Таква работа не најдовме.

Според тоа, врз основа на тие сознанија ние ги донесовме овие заклучоци, со исклучок на предметот "Железиичар" кој е заведен во деловодните книги, кој апсолутно постои, но валидни се првите три реда од првата страна, а рековте дека брои некаде десетина страни. Така ни беше кажано.

И, точката 10 за која најдовме согласност е следната "Собранието на РМ констатира дека со прислушувањето е направена груба повреда на основните слободи и права на човекот и граѓаните, особено тајноста на писмата и сите други облици на општење". Ова беше, сигурно уште две реченици плус, ја скративме, околу ова прашање мислам дека постоеше многу мал спор и се сложивме околу ова затоа што ова е уставна категорија. Уставот забранува такви работи, па поаѓајќи од тоа ние го донесовме овој член 10.

Што е поентата на ова излагање. Дека никој од членовите на Комисијата не е против овие заклучоци, како што господинот Поповски претходно апострофираше. Апсолутно стоиме зад ова, а ова е на некој начин сублимат на извештајот од 15-тина страници што го работевме заедно. Нема логика да бидеме против нешто што заеднички го изработувавме и на некој начин значи патоказ и рамка на тоа што Собранието треба да го донесе.

Други се индивидуалните видувања, не ни на СДС, тоа се политичко видувања. Нивно право е како ќе настапуваат. Но, сметам дека Собранието ќе разговарам само врз факти, аргументи, врз докази на она

што и самата Комисија го изработи. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, за оние кои ме прашаа попатно само да кажам дека ова е дискусија, иако на компјутерот сум под број 6 јас го замолив претседателот, во меѓувреме бев јавен втор, после Филип, меѓутоа мојата процедурална забелешка компјутерот ја регистрирал како дискусија и ме исклучил од листата. Си го побарав местото што го имав. Благодарам на претседателот што тоа го прифати.

Почитувани пратеници, актуелната влада на господинот Георгиевски од самиот свој почеток од самото свое формирање е всушност влада на опасни контраверзии. Таа е Влада на скандали и Влада на големи афери, Влада која во сите домени на нејзината надлежност, а по Уставот тоа се големи надлежности, секојдневно се соочува само и само со афери и скандали. Практично и да нема ресор во кој, ваквото однесување на владата не ја доведе во непријатна и неиздржлива ситуација во еден или друг период. Резултатот е тоа е сосема видлив. Од основањето до денес, за само две години и еден - два месеци сите министри се променети. Ниту еден веќе не го има ресорот од основањето, а некои од нив и по неколку пати се променети, а некои па дури, откако се променети и се вратени во Владата.

Меѓутоа, без оглед на тоа, угледот на Владата, како и угледот на државата, чија е она влада, ја доведоа на минимални граници. Аферите во доменот на органите за безбедност во оваа држава, особено во МВР, како да предничат во целата ваква конструкција на Владата. Практично и да не поминува една единствена недела без да се јави некој проблем, некој скандал во самиот овој ресор, па дури и да биде инициран од самиот ресор.

Владата, всушност, покажува дека и во сферата на безбедноста нема никаква волја да се справи со проблемите, нема волја да се справи со аферите и со криминалот. Па дури и напротив. Таа, нив, очигледно ги продуцира.

Ваквата намера на Владата да си игра со огинот се инаугурираше уште од почетокот на оваа власт. Сега, ситуацијата е дојдена до таа мерка што всушност што оганот што таа Влада го запали, ја контролира самата Влада. Таа веќе неможе да се справи со оганот на криминалот во која западна и самата. Само да потсетиме дека првиот закон што го предложи оваа власт пред Собранието беше Закон за амнестија, додуша делумна амнестија на сите кои се осудени за криминал во Република Македонија. Тогаш, всушност, Владата со самото нејзино појавување на политича сцена го зацрта правецот по кој ќе се движи. Но, едновремено и го охрабри криминалот во Република Македонија.

Како времето течеше од тогаш до денес, криминалот се повеќе се зголемуваше. Тој се зголемуваше во стопанството, во финансиските трансакции, се зголемуваше како приватизационен криминал, како класичен криминал, убиства, кражби и друго, во трговијата со дрога, трговијата со луѓе, проституцијата, тероризмот, политичкиот и класичниот тероризам итн.

Ваквото однесување ескалираше со т.н. политички криминал на самата Влада. Само да потсетиме дека оваа Влада самата си открадна изборни легитимации од сопствените органи, од каде што се чуваат за да ги користи на изборите како криминални, дека оваа власт за време на избори користи јавни фондови што припаѓаат на јавноста во партиски и изборни цели, дека оваа влада прави секојдневна политичка пресметка со своите неистомисленици, па дури и со своите сопствени кадри и слично.

Врвот на ваквото однесување се достигна, за во тоа време да биде врв, на претседателските избори 1999 година кога Владата, со криминални дејствија инаугурираше изборен фалсификат, измама и насилство. Но, никој за тоа не беше ниту до ден денес е казнет.

Во меѓувреме се случува луѓе кои се приведени за тероризам да бидат од оваа власт ослободени од истражни дејствија. Новиот тероризам што се шири во Република Македонија да не се гони или воопшто слабо да се гони, а оние кои требаше да се испорачаат на Република Македонија за кривични дела или тероризам од страна на странски држави во вид на екстрадиција за извршениот криминал, Владата одбиваше да ги прими во РМ и на тој начин исто така суптилно ги ослободуваше од делата. Работата отиде до таму што оваа влада направи и официјална, таканаречена трампа на обвинет за криминално дело со војници на АРМ. Овој редослед е непрекинат низ на настани на кои, практично им нема крај. Можеме да потрошиме многу време на вакво набројување.

Меѓутоа, она на што сакав да упатам, е дека ние, од оваа Влада, во борбата со ваквите проблеми и неможевме да очекуваме ништо подобро. Уште на самиот почеток кога највисоките функционери во оваа власт ги постави во МВР, самите изјавија дека тие се чувствуваат "како војници н својата партија", со што јасно дадоа до знаење дека тие не се државни функционери. Совршено е јасно дека со војници раководат на начин со кој се раководи војска, со војници раководат офицери и генерали, а со нив не раководат политичари, а најмалку пак со нив раководат законите на оваа држава.

Наместо работата во однос со криминалот на оваа влада да се движи кон напуштање на од оваа влада промовираниот модел на МВР во функција на самата власт и наместо да се прифаќа моделот МВР и власта да се во функција на општеството и секој граѓанин поединечно, односите очигледно одат во обратен правец. Во таков случај и самото МВР од насилник почна да станува жртва. Почна да се случуваат гранатирања масовно, почнаа да се случуваат убиства на припадници на МВР, на полицајците, а сигурноста на граѓаните, заради кои постои Министерството се сведе на под потребната од минимум.

Во вакви односи и во ваква клима во РМ, кога на 17 јануари 2001 година се дадоа докази дека власта е навлезена уште и во масовно телефонско прислушување, сите се возбудија. Но, никој не беше шокиран од тоа што се случува. Никој не беше шокиран затоа што тоа дека Владата ги прислушува граѓаните, политичките неистомисленици и сите други на еден или друг начин, сите го знаеја или најмалку го очекуваа дека се случува. Но, за тоа немаше во тој момент докази.

Откако се понудија, шокирана од ваквиот настан беше само власта поточно само Владата и тоа не заради фактот дека има прислушување од нејзина страна, туку заради фактот дека Владата дозволи прислушувањето да се обелодени и на тој начин Владата да покаже дека владее по пат на прислушување на своите политички неистомисленици.

Од тогаш натаму или наваму, фактите се веќе прилично познати. Докази дека се прислушува во Република Македонија има во овој момент за околу 120-тина политичари кои се распоредени во Владата во Парламентот, во опозицијата, во партиите итн., новинари, дипломати, директори итн. Тоа колку што знаеме од јавноста го потврди до сега и судот.

Она што можеби тешко ќе се докаже во иднина, но за што сигурно и лесно можеме да претпоставиме е фактот дека ваквото прислушување е продолжено на стотици ако не и илјадници луѓе во Република Македонија за кој никој никогаш веројатно нема да може целосно да ги извлече доказите.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Тоа е прислушување без преседан во историјата на било која држава која сака себе си да се маркира како демократска. Очигледно е дека прислушувањето се вршело и перманентно и масовно. Само актерите на овој криминал, кажувам криминал затоа што во Кривичниот закон тоа е носкридирано како криминал, само актерите на овој криминал знаат што се е направено и од каков обем било тоа прислушување до моментот на откривањето на аферата. Веројатно, некои од нив задоволувале ниски страсти, читајќи ги стенограмите.

Се надевам дека судот и промената на оваа власт што е сега актуелна, тогаш кога ќе се промени или било кога, ќе можат да расветлат многу повеќе за геноцидот врз приватноста и геноцидот врз човековите права во Република Македонија. Меѓутоа и за политичкиот терор што, всушност се вршел, па макар и на ваков суптилен начин по пат на прислушување на политичката опозиција.

Резултатот од ваквите настани се случи пред неколку дена со давање на оставка од страна на министерот за внатрешни работи. Денес, по соопштувањето на премиерот дека ја одбива оставката и по откажувањето на госпоѓата Димовска како министер од сопствената оставка, некои од работите во врска со прислушувањето во Република Македонија, мислам дека конечно се лоцираат токму на вистинското место, малку повисоко од Министерството за внатрешни работи.

Дури и во извештајот што Комисијата ни го достави, за кој сите членови се изјасниле едногласно во тој дел, недвосмислено се укажува дека опрема за прислушување има само во Министерството за внатрешни работи и дека тој дел од Министерството е под директна и исклучива надлежност на министерот за внатрешни работи. И дека, до сега, иако се истражува, не е утврдено постоење на никаква друга опрема за прислушување. Толку масовно, очигледно дека мора да произлегува од овој орган. И, мислам дека сите други еквилибристики, ако е дозволено да се каже тоа, на темата кој, каде и од која позиција

прислушувал, мислам дека се приказни за кои треба во овој момент да ставиме точка. Треба да расправаме за сериозниот проблем дека во оваа држава Владата, инструментализирајќи го министерот за внатрешни работи и Министерството вршело политички прислушувања со политичка мотивација.

Но, исто така да потсетиме дека помина цел еден месец во кој власта или Владата, меѓутоа пред се власта не признаваше дека постои прислушување. Па дури апсурдот да биде уште поголем, обвинуваше и други за прислушувањето, со што очигледно не сакаше да го расчисти случајот со кој се соочи, туку сакаше со тоа да го заштити методот на пришлушување и методот на антиуставно однесување на органите за внатрешни работи и вршењето на кривични дела.

За да ова го илустрирам, дозволете само да искажам неколку цитати од однесувањето на Владата од 17 јануари до ден денешен.

Идниот ден од обелоденувањето на аферата, Министерството за внатрешни работи го соопшти следново, цитирам дел од соопштението:

"Во рамките на своите надлежности МВР ќе преземе мерки и активности за утврдување на автентичноста на презентираните материјали во врска со наводното снимање на телефонските разговори, при што не е исклучена можноста од утврдување факти со кои би се утврдило дека СДСМ располага со паралелен систем за прислушување и снимање разговори заради монтирање случај со политичка заднина и компромитираше на МВР".

Значи, првата импулсивна, меѓутоа политичка реакција е дека прислушување нема и ако го има, тоа го прави СДСМ. Веќе утредента, господинот Љубчо Георгиевски во својата изјава пред јавноста вели:

"Прво треба да се види од кого (цитирам) биле прислушувани личностите, бидејќи има многу структури што можат да се пофалат дека имаат можност да прислушуваат".

Изјава на Георгиевски, да додадам дека конечно Извештајот со кој Владата се согласи, од Комисијата потврди дека во овој момент опрема за прислушување има само МВР која е под негова контрола, политичка контрола.

Да кажам уште една дилема која мислам дека не служи на чест на едно јавно претпријатие во тоа време на Република Македонија, а денес не служи на чест на еден странски инвеститор во Република Македонија, дека директорот на Македонските телекомуникации и порано и денес, Ден Дончев изјави во јавноста дека не сака да коментира ништо во врска со прислушувањето. Човек, кој целата јавност упорно, вклучувајќи ја и Комисијата го прозива да каже дали учествува како директор со својот Телеком во тоа.

На 19 јануари, портпаролот на Владата, во име на Владата, не само во име на премиерот, вели: "За Владата и за јавноста останува единствениот во кој се сомневаме дека вршел или нарачувал прислушување на политички и јавни личности во нашата држава Бранко Црвенковски". И дека тој има понудено, цитирам "Листови хартија според кои тврди дека постојат прислушувања". Само да потсетам дека после тоа судот потврди дека прислушувањата постојат, а дека министерката, токму за внатрешни работи, поднесе оставка од причини што смета дека е нејзина одговорност.

Еден член на Советот за безбедност на Република Македонија, што е уставен орган за безбедноста во државата, изјави на 23 јануари:

"Засегната е безбедносната функција на најважните безбедносни институции, со тоа што луѓе од тие институции ја претпочитаат лојалноста на двор од власта", што укажува на фактот дека тие треба да ја почитуваат лојалноста на противуставните криминални дејствија и да ги вршат и да молчат.

Ова Собрание еден ден ќе треба да биде гордо и благодарно на оние луѓе кои, ако се појават некогаш во јавноста, ги дале информациите дека всушност ние живееме во виртуелен свет, во кој на површината сме слободни, а под површината сме контролирани од Министерството за внатрешни работи и Владата на најдрзок можен начин, со контрола на нашите телефонски разговори, приватни, службени, политички и какви ли ти уште не.

Апсурдот да биде уште поголем, премиерот Георгиевски на 30 јануари изјавува:

"Лидерот на СДСМ Бранко Црвенковски е единствениот човек што во моментов поседува документи за прислушување и единствениот човек кој може да се обвини дека прислушувал во Република Македонија".

Замислете до каде оди, извинете господине премиер, тука сте, дрскоста на вашата изјава да оној кој го промовира во

јавноста случајот со криминално прислушување го обвинувате со јавна изјава. И, уште вели дека сметаме дека Црвенковски влезе во една добра, цитирам "каша и ние нема да му дозволиме лесно да излезе од неа". Методот на напад со најпредизвикувачки зборови се применува наместо метод на политичка одбрана.

И, да финиширам, дека само пред неколку дена е дадена изјава од истиот премиер, цитирам "Во таа насока можам да кажам дека ние имаме листови хартија на кои има разговори за кои луѓето кои се таму споменати потврдуваат дека се нивни разговори". Замислете ја леснотијата со која премиерот на Република Македонија соопштува на јавноста, тоа што ние го имаме се листови хартија и на нив има некои разговори.

Господине премиер, тоа се прислушувани приватни разговори со член на Уставот забранети. Не се тоа листови хартија. Каква е таа формализација на проблемот на прислушување. Немало прислушување, имало листови на хартија? И, уште дека со оглед на фактот дека тие листови пред јавноста ги покажа Црвенковски, се додека не се докаже нешто друго, главниот организатор на прислушување во Македонија е СДСМ и после, веројатно во својство на претсказник на она што ќе се случи, партија на власта.

Сакам да укажам на начинот уште со цитирана изјава од 14 февруари "Во овој момент не гледам причина да се бара оставка од госпоѓата Димовска затоа што, како што се движи случајот се повеќе станува јасно дека се работи за конструкција што лесно ќе падне во вода".

Само сакам да укажам на пет-шест цитати, изјави, меѓутоа по мој избор клучни на Владата. Тука се опфатени цитати на премиерот, портпаролот, министерот за внатрешни работи, еден член на Советот за безбедност кој не е Владина институција, меѓутоа е уставна институција, со каква леснотија се прибегнува на брифирање на јавноста и на сопственото гласачко тело за овој случај.

"Ние имаме некои листови хартија""Додека не се утврди, Црвенковски е тој кој прислушувал". Сега очекувате вие јавноста или јас како пратеник во овој Парламент расправајќи тоа да го проголтам, да мислам дека е така, едновремено соочен со моите стенограми на судот. Со ваквиот начин на толкување на аферата, со ваквиот начин на денешното одбивање на оставката на госпоѓата Димовска, целата власт во Република Македонија, на чело *со* господинот Георгиевски, застана во одбрана на противуставен чин - прислушување и застана во одбрана на кривично дело и така ја презеде одговорноста за настанот целосно врз себе.

Сигурен сум дека поинаку и не можеше. А, зошто поинаку не може? Затоа што дури и толку моќен министер во ВМРО-ДПМНЕ, како што е госпоѓата Доста Димовска не можеше да прави вакво прислушување без сознание на оние кои се над неа. Сигурно имало политички договор, минимум со премиерот на Република Македонија, кој по Уставот, тоа значи дека ја претставува Владата во целина и дека за тоа сега оставката се одбива. Затоа што оној кој морал да го знае тоа се вовлекува и себе си. Впрочем, да не заборавиме дека користа и бенефициите од прислушувањето ги користеле сите кои во оваа моја перспектива седат од десната страна на Парламентот, и министри и пратеници и владеачки партии и владини медиуми и кандидати на избори. Директно или индиректно. Сите тие, посредно или непосредно имале еден вид на разузнавачки информации од страна на Владата на Република Македонија во врска со однесувањето на своите политички противници и тие информации ги користеле за себе, во својата кампања, во своето политичко договарање, во својот политички настап, уверен сум дури и во својата стратегија за настап на Парламентот додека ние сме се договарале како пратеничка група како ќе настапиме, со какви наши видувања по одредени закони.

И, да биде апсурдот уште поголем, сето тоа е правено и со нашите пари во Република Македонија. И затоа сега имам една должност, после трошење на милиони марки за некој мене да ме прашува како се трошат моите пари, малтене и од фрижидерот дома кога ќе го отворам. Сега јас јавно го прашувам министерот за финансии и премиерот на Република Македонија во врска со оваа афера - како се трошат моите пари господине Георгиевски?

Уверен сум дека, на овој начин гледано, тука всушност нема во Владата невини луѓе. Зборувам невини во политичка смисла. Сите тие, во текот на своето владеење нуделе, воделе политика врз основа на информации што ги стекнувале за однесувањето на својот политички противник по криминален пат, по антиуставен пат. Дури и оние министри и пратеници кои не знаеле дека постои прислушување, бидејќи тоа морало да биде

организирано во тесни кругови, бенифицирале од таквите сознанија затоа што им било кажувано како ние ќе се однесуваме. Во изборите имале ненадоместливи предности кога настапувале опозиционите партии. Замислете во едни избори во кои некој оди со сознанија што има противничкиот кандидат како програма, како намера, а сето тоа го стекнал по пат на прислушување на телефоните. Тој, дури и што не бил инволвиран во наредбодавањето, тој ги користел резултатите и затоа мислам дека политичката вина е целосно на страна на Владата, со сите свои ресори. Дури и начинот на кој оваа коалиција се одржуваше на власт при последните настани со распадот на, во тоа време постојната Коалиција за промени, сосема јасно упатува дека зачувувањето на коалицијата се вршело делумно и со организирање на криминални дејствија - прислушување на политичката конкуренција.

Затоа и мене не ме зачудува воопшто, кажано во наводници "храброста" меѓутоа без наводници кажано дрскоста на власта која, дури уфрлуваше поткупени и озвучени пратеници на состаноци на опозицијата со цел да ја зачува својата власт. И, само да потсетам дека по Кривичниот закон и тој што уфрлува и тој што прифаќа да биде уфрлен, озву-чен на состаноци на опозицијата исто така чинат кривични дела и против-уставни дејствија.

Сега, само на момент да се вратиме на она што почнавме.

Да се вратиме на растечкиот криминал во Република Македонија. Сосема е логично криминалот во Република Македонија да расте, бидејќи Министер-ството за внатрешни работи сега веќе е совршено јасно, своите главни и своите елитни структури не ги ангажира, ниту пак ги насочува кон кри-миналците во оваа држава или кон оние кои се спремни претенденти да направат криминал. Туку, елитните и главни, финансиски можеби, кадров-ски сигурно и сосема сигурно технолошки предности во државата МВР ги насочил кон опозицијата. Сосема е јасно дека кога МВР се ориентирал кон својата политичка опозиција криминалот и тероризмот, меѓутоа за-едно со тоа и сигурноста на граѓаните во Република Македонија се оста-вени на цедило. Опседнатоста на Министерството за внатрешни работи на оваа власт со опозицијата им даде можност на криминалот, на криминал-ците на тероризмот и на терористите да ја прогласат Република Македо-нија за некој вид на сопствено елдорадо, во која оние кои сите ние сме ги основале и ги плаќаме за да се борат против нив се насочени практично према политичката опозиција. Криминалците тоа лесно го сфа-тија. Кадровските, финансиските, технолошките предности на МВР не се насочени кон нив. Токму затоа слободно се шетаат, гранатираат, запира-ат, патролираат, уште малку и ќе царинат и пасоши ќе бараат и тн.

Според начинот на кој се однесува Министерството за внат-решни работи, а по повод на овој случај, оваа Влада, за жал на Републи-ка Македонија, го промовира Министерството, а со тоа и полицијата во класична полициско-партиска полиција, нешто за што бевме уверени или бар јас, веројатно наивно уверен дека одамна го снемало. Мислам дека е совршено јасно и лесно да се аргументира зошто полицијата во Репуб-лика Македонија е полициско-партиска? Затоа што таа се бави со партии-теуасо политиката, со својата политичка опозиција наместо со криминалот. Таа е ставена во функција на одбрана на владината позиција во власта и заради тоа таа веќе добива, за жал, за сите нас за жал, карактеристика дека е претворена во полициско -партиска полиција која ги штити интересите на една - две, или во овој момент можеби и три политички партии, меѓутоа нивниот заеднички именител е дека се тоа партии на власт.

Затоа сакам да го потенцирам апсурдот на господинот Георгиевски и за неговите зборови за демократија со кои не опседнува две години, кој сега се гледа во соголена форма. Сакам јавно да соопштам нека прозвучи и лично дека господинот Георгиевски две години глуми демократија во Република Македонија, а дека всушност спроведува методи што ги спроведувале држави кои од секогаш биле наречени диктаторски.

Од овде, одговорноста за ваквите случувања во Република Македонија не ја сноси само госпоѓата Доста Димовска, иако ја сноси и тоа, туку ја сноси и господинот Љубчо Георгиевски како премиер на Владата на Република Македонија. Затоа, господине премиер, во името на пратеничката група на СДСМ барам да поднесете оставка на функцијата премиер на Владата на Република Македонија. Бидете уверени дека таа оставка нема да може да ја избегнете, дека ќе можете со неа да се справите одредено време, но сепак таа ќе ве стигне во текот на вашата политичка кариера. Видете го само примерот

со американскиот "Вотергејт" каде што идентичниот настан, една претседателска или, во нашиот случај владина администрација да прислушува седиште на спротивната опозициона партија, откриена во мај 1972 година и после се заврши со оставка на претседателот во август 1974 година. И после две ипол години или две години и два месеци тој кој прислушуваше се соочи со сопствената оставка.

Кои се последиците од политичката игра или, да речеме од оваа игра од, меѓутоа и со госпоѓата Доста Димовска. Од госпоѓата Доста Димовска, заради поднесувањето на нејзината оставка и последиците од играта со госпоѓата Доста Димовска, заради одбивањето на нејзината оставка.

Дозволете само да прочитам за што не извести госпоѓата Димовска во петокот, што штотуку помина пред неколку денови:

"Во вршењето на функцијата министер, покрај правните норми, за мене е многу важно да бидат во преден план и етичките норми". Ова е оставката што беше јавно дистрибуирана. "Оттаму сакам да ве известам, господин премиер дека чувствувам морална одговорност во врска со случувањата врзани со МВР во изминатиот период. Повлекувањето на оставката од нејзина страна значи дека веќе нема во преден план ниту етички ниту морални норми ниту пак никаква одговорност во врска со случувањата во МВР. Ова се нејзини зборови.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Рродолжение)

Исто така, сакам да го потенцирам политичкиот факт кој г-ѓата Димовска го изнесе и го потпиша пред неколку денови. Дека е несомнена мојата одговорност за отсуство на коренити промени во МВР, кои се од државен интерес и сакам да ви соопштам дека за тоа се чувствувам лично одговорна. После четири дена г-ѓата Доста Димовска не се чувствува одговорна за отсуството на коренити промени по нејзините зборови за отсуство на државниот интерес во МВР итн. И да заклучам, прво, самата ни укажа дека барањето за моја одговорност од страна на интелектуалци и новинари е глас кој што допре до мојата совест. И, од тие причини, тргнувајќи од мојата увереност дека вршење на функцијата може да се потпира, пред се, на етички принципи, а тоа е чест и морална одговорност, поднесувам оставка. Значи, со повлекувањето на оставката, важи сосема обратното дека не е слушнат гласот и дека не е дојдено до нејзината совест, дека не се потпира на етички пронципи, а дека отсуствува чест и морална одговорност. Меѓутоа, мислам дека за тоа ќе треба и самата, а и г-динот премиер да дадат одговор зошто ова еднаш кажано, а после тоа повлечено. Тоа, исто така, остава политички траги. Г-дине Георгиевски, вие ќе треба да продолжите да работите со ваквата афера и со ваквата министерка која ја штитите.

Совршено станува јасно дека со одбивањето на оставката и со упорната одбрана на се што се случува, трендот на прислушување кој постои ќе продолжи уште посилно. Мислам дека најважната политичка порака од денешната седница на Владата упатена до Македонската, па и до меѓународната јавност е таа, оној кој прислушувал поднесува оставка, Владата го присилува да се врати тој ја повлекува својата оставка, премиерот ја брани. Тоа значи прислушувањето е добро, продолжете и засилете го. Ние стоиме во одбрана на вашите потези. Тоа, сега, со одбивањето на оставката се легитимира од страна на власта. Со тоа денешниот потег со тоа денешниот потег веќе и онака вброената Влада во недемократските и тоталитарни, ја закопа само со армиран бетон во ваквите квалификации. И, пред се ја турна во позиција на Влада која работи на штета и на својата држава и на својот народ. Да не заборавиме дека покрај ваквата политичка одговорност за која јас денеска дискутирам и за што единствено имам право постои правна и кривична одговорност за сторени кривични дела за кои неко] други органи по Уставот ќе треба да расправаат.

Во ваква констелација на односите во овој момент во наводници кажано се закопани не само премиерот и Владата, туку се закопани и сите оние кои даваат политичка поддршка на оваа Влада, ВРМО - ДПМНЕ, ПДПА, Либералната партија и други независни пратеници). Нивниот и онака тежок и голем товар на грбот во врска со однесување на Владата сега почнува да се топи и да ги залепува целосно со оваа афера без предаден, за до крајот на своето политичко дејствување.

Она што мислам дека сега е неопходно, тоа е оставка на премиерот, а по Уставот тоа повлекува и оставка на целата Влада. Таа е сега неопходна затоа што тој и Владата веќе немаат ниту политички, ниту морален кредибилитет да продолжат да бидат најодговорниот орган, политички орган на оваа држава, а во исто време да сме сите свесни дека подземно применуваат методи на целосна дисквалификација на личности, политичари, опозиционери, дури и

од сопствените редови како што видовте, прислушкувани личности.

Сакам да апелирам до Демократската и до онаа јавност која ја поддржува ваквата Влада односно ваквата политичка опција, пред се дека ниту една политичка опција не е целосно бетонирана во некои кадровски решенија, дека таа може да опстои и да избере нова Влада и нов премиер во името на таа коалиција, која има сопствена политичка програма. Оваа Влада сосема сигурно самата западна во сопствената пајажина. Како пајакот што од едната страна на стомакот извлекува пајажина, а на другата си ја заврзува околу својата глава и околу своите нозе. Тоа е непродуктивен организам.

Затоа, повикувам премиерот на РМ да поднесе оставка, по Уставот со тоа да поднесе и целосна одговорност целата Влада на РМ. А, ВМРО-ДПМНЕ да избере шанса себеси да се демократизира и да расчисти со веќе невозможното минато кое го стекна. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави г-динот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФРОЛОВСКИ:**

Без никого да амнестирам, ставот на Комисијата е јасен. Четири атрибути беа спомнати кои се интересни. Тоталитарна Влада, диктаторска, нема морален кредибилитет, подземна итн.

Г-дине Поповски, мора да бидеме чесни пред себе, прво поради себе, второ, поради македонската јавност. Да припаѓавте на некоја политичка гарнитура која не беше на власт, јас го прифатил сето она што го говорите. Но, да говорите во име на политичка гарнитура, која сега за сега имаме материјали од 1000 страници она што го работевте од 19 92 до 1998 година, под предмети Љубчо Георгиевски, Димовска, Црномаров, Петровски, Флоровски итн., па со кој образ ќе излегувате да говорите дека вашата Влада беше демократска, не беше тоталитарна. На крај да не водите по линија на тероризам во земјата под псевдоним "Паун", Александар Флоровски да работи против сопствената земја. Оперативна акција "Паваротти" лоцирање на македонските националисти. Па, ве молам, немојте да бидете смешни, се извинувам на изразот, но власт која ова го работеше во илјада ствари до сега, фотографирање, следење, набљудување и на крај можна ликвидација, немојте да ми кажувате приказни дека вие сте загрижени за демократија. Г-динот Црвенковски се смее и тоа е негово право.  Можеби работеле по налог, но неверувам дека на овој документ се потпишал Добри Величковски без ваше знаење како директор на ДБК. Така што тие филмови, се извинувам уште еднаш за изразот, оставете ги на некој друг. Никој од нас, еве народски скопски да кажам не пиел нафта, па не ги гледаме работите. Некој друг можеби би држело ова што го говори, во вашата партија, вашата пратеничка група, без некого да амнестирам ако се докаже вината, и ако се лоцира политичката одговорност, ве молам, немојте да излегувате. Сочувајте се што имате за вас и поубаво молчете.

**СТОЈАН  АНДОВ:**

За реплика се јави г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Г-дине претседателе, бев спомнат и затоа барам реплика. На два наврати бевме спомнати, едноставно како некои пратеници биле поставени некаде да прислушкуваат или да прават едно, друго и плус како независни пратеници таму кажавте. На две работи имате реплика.

Г-динот Никола Поповски кажа дека има прислушкување и притисок на пратеници извршено на времето кога требаше власта да појде од ваму, од таму за да се гласа, значи, кој требаше гол да даде за да се бутне оваа влада и оваа власт, нормално, бев таков играч многу добар и знаев да играм фудбал, со пета им дадов гол на тие што им потонал бродот. Со пета им дадов гол и толку бев подготвен, сега кажувам пред јавноста дека им влегов на округла маса и еве сега каде седат, во опозиција. Тоа е тоа и друг пат нека стане, нека спомне за независни или нешто друго, никој апсолутно никого со сила не терал оваа власт или таа власт. Нормално, политичка проценка е и тоа е способност на еден политичар пратеник да може да ја види и да ја процени власта која ќе биде, што ќе биде и кој ќе добие. Е, тоа, извини г-дине претседателе, ве молам, немојте да ме прекинувате повеќе. Значи, тоа е најнормална работа на еден пратеник, тоа е мојата работа, а јас сум претседател на една партија и нормално кој стои на една националност кој треба во Македонија 50, 60 илјади се избирачи, кои треба нормално да знам каде ќе се свртам и на која страна. Тоа е мојата способност, а опозиција како опозиција нека збори се, нема проблем, повторно ќе му реплицирам ако стане. А, што кажа за независните пратеници, нормално, не би требало независните од денеска, посебно моите колеги треба да

станат како независни пратеници, тие да си демантираат, а јас како претседател на Сојузот на ромите и од парламентарна партија во Парламентот овдека, кој сега сум со власта, нормално, нападот и упадот што го вршат сега, трпел, трпел, нека трпат и тие до 2002 или 2003 година, ќе дојдат локални избори, всушност, претседателски избори, па ќе ги добијат ако заслужат, а ако не нема да ги добијат. А, со лажни работи вака да претставуваат пред народот, не треба да биде. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави г-динот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе, г-да пратеници, јас кога кажав дека постоеше обид за озвучување на еден пратеник од страна на власта говорев за обидот на власта да озвучи еден пратеник на СДСМ, кој незнаејќи присуствува на состаноците озвучен на СДСМ. Ова што г-динот Амди Бајрам го кажуваше за себе, за мене се нови сознанија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повторно г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас реков ќе реплицираме, мора јавноста повеќе да знае. Дали мене власта ме озвучила, за тоа треба јас и тој во четири очи да седнеме, па да му кажам дали сум бил озвучен, а нормално сум бил толку искусен и сум го терал да шета таму да трча, да куца цело време г-динот Никола Поповски, еден ипол час чекавме, јас јадев банани таму и толку му беше свеста, што не стави таму Сојуз на роми. Таму стави четири партии и Сојузот на ромите го немаше и тука паднаа на испит. Е, тоа беше сослушувањето. Немаа мамец како да ме намамат. Изгубија, тоа беше.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално се јави г-динот Биљал.

**БИЉАЛ ЛУТФИИ:**

Г-дине претседателе, г-дин претседател на Владата, колеги пратеници, јас во име на пратеничката група на ДПА барам од претседателот на Собранието договорот што беше меѓу координаторите на пратеничките групи дека ќе се работи до 19,00 часот, да го почитуваат со оглед на тоа дека не се работи за прашање кое може за 30 минути или еден час да заврши, со што би се согласувале. Но, бидејќи се работи за прашање за кое и се јавиле, барем моето сознание околу 20 дискутанти па денеска да прекинеме и да продолжиме кога претседателот ќе го закаже продолжувањето на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние имаме договор до 19,00 часот да работиме секогаш кога почнуваме во 14,00 часот. Денес тоа го поместивме. Предлагам да работиме до 20,00 часот.

**БИЉАЛ ЛУТФИИ:**

Г-дине претседателе, јас би се повлекол, доколку само премиерот, бидејќи е присутен во Собрание и сега да му се обрати на Собранието, тогаш би отстапил од барањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Премиерот сега ќе се обрати.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе на Парламентот, почитувани пратеници,

Прво на самиот почеток би сакал да го израдувам претходниот говорник дека не станав да дадам оставка, иако неговиот повик беше многу учтив и културен. Едноставно се работи за коинциденција на мојот настап, така што еве, се извинувам ако вашите очекувања беа поголеми. Меѓутоа, еве, да се навратам и да почнам што е денеска главната тема, прислушкувањето.

Би сакал на самиот почеток да кажам дека веднаш после објавувањето од страна на СДСМ дека има некои листови од хартија на кои има прислушкувани разговори, за кои потоа соговорниците или говорниците потврдија дека се нивните разговори, веднаш се јавив до претседателот на Парламентот и ја потврдив спремноста на Владата да закажеме итна седница на Парламентот со цел да расправаме веднаш за случајот. Тој ме упати дека во оваа држава има процедури и таа процедура мора да се почитува и најверојатно денешната седница е резултат на тоа почитување на процедурата во РМ. Веднаш другиот ден настапив со изјава пред јавноста дека Владата на РМ е подготвена на секаква соработка со цел расчистување на случајот и во таа смисла наведов повеќе примери. Дека сме подготвени да ги дадеме сите оние отворени врати кои се бараат од нас. Побарав и кажав дека сме подготвени да учествуваме во секаков вид вештачеше од типот на хартии, компјутерски чукања, хемии, физики, се она што ве интересира во потврдата на една таква аргументација. Дури, ако се сеќавате, побарав дека немаме ништо против и странски експерти да дојдат да учествуваат во конечното расчистување на овој случај, кој тогаш и денеска исто така велам дека мораме да го расчистиме.

Она што стана интересно за мене во тој момент што СДСМ што обично се фаќа за влакно кога му одговара, не ми реплицираше ниту со еден збор, дека еве се согласуваат она што го нуди премиерот на Владата едноставно да го прифатат и заеднички да влеземе во истрагата и во расчистувањето на овој случај.

Одтогаш до денеска она што се случува е следново. Опозицијата постојано го бира стилот кога две комшивки се караат, онаа што посилно вика смета дека е во право, а онаа што потивко зборува испаѓа дека не е во право. Значи, опозицијата го избра токму тој стил постојано да вика и да галами и со тоа да стекне впечаток пред јавноста дека таа е во право, а ние она што го избравме и она на што инсистиравме од самиот почеток, па до денеска и понатаму ќе инсистираме, затоа што сметам дека случајот со оваа седница сигурно не се исцрпува, е правно формалниот расплет на се она што значи афера прислушкување, со вклучување на сите институции кои треба да бидат вклучени. Јас можам да кажам дека ние од наша страна направивме се што беше направено, од спроведување на истрага од страна на Владата, истрага од самото Министерство за внатрешни работи, бевме максимално отворени кон судските органи, кон јавниот обвинител и јас би сакал да ми дадете една институција во државата, која е вклучена на еден или на друг начин, која наишла на некоја блокада или на некоја пречка, во овој случај и во идејата и во желбата на расчистување на оваа ситуација до крај. И, во исто време јас можам да кажам дека до ден денеска, а од Извештајот на комисијата, за кој чувме многу дискусии како е составен и како е работено на тој извештај, за што претседателот на Комисијата Љупчо Поповски се согласува дека тука сепак, има една принципиелност, јас можам да кажам дека виновникот е токму таму за каде што зборуваше мојот претходник соговорник г-динот Никола Поповски, меѓутоа, да не бидам банален и да не ги повторува неговите зборови на неговите цитати. Значи, се додека не се расчисти до крај аферата, виновникот е таму за каде што вие зборувавте, цитирајќи ме мене. И, она на што ние ќе инсистираме како Влада е по истата таа правно формална процедура, овој случај да го расчистиме до крај.

Во таа насока кога сме тука со задоволство можев да констатирам дека Извештајот и денеска тоа на Владата го направивме, кој беше поднесен од Комисијата, па можам да кажам дека, иако имаше големи парафразирања од страна на претседателот на таа Комисија едно јасно потврдува дека вината за прислушкувањето неможе да се лоцира во МВР ниту пак во некоја државна институција. Незнам што неофицијално сте разговарале дека е надвор од институциите и каде е и што е, но едно е јасно дека од Извештајот на Комисијата кој е понуден и до Владата и до Парламентот произлегува токму тоа, а досега не чув од претседателот на Комисијата дека врз него е вршен терор за вакви заклучоци и дека тој се оградува од такви заклучоци. Тој има некои дополни, меѓутоа, тие заклучоци тој не ги негира, а заклучоците мислам дека се повеќе од јасни.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Токму тие заклучоци ме наведоа на денешната седница на Влада да ја отфрлам понудената оставка на министерот за внатрешни работи, затоа што ни малку не може да се забележи дека има некаков сомнеж дека аферата прислушкување треба да се лоцира токму во тоа министерство.

Едноставно, она што можам да го кажам како една политичка оценка на она што се нарекува афера прислушкување е следното:

Прво, за мене оваа афера не е ништо повеќе ни помалку од една кампања на хистерија која опозицијата во нејзините медиуми повеќе месеци ја спроведува над владината коалиција. Контекстот од каде можам да продолжам повторно е она место каде запре господинот Никола Поповски набројувајќи ги сите случаеви и афери кои ги изведоа во оваа Влада, јас само ќе продолжам таму каде што застана. Ние имаме еден континуитет на една класична хистерија продуцирана од страна на опозицијата и како што спомнав некои медиуми кои се под нивна контрола и токму во тој контекст ја лоцирам и ова афера прислушкување. Можеме навистина да наведеме многу примери не само оние што ги спомнавме, само ќе повторам некои. Спомнавте растење на криминалот со оваа Влада. Можам да кажам дека за растењето или не растењето на криминалот од оваа Влада постојат јасно аргументирани податоци колку дрога е фатено во времето на оваа Влада, колку дрога е фатено во претходниот состав. Колку расчистени случаеви имаме со оваа Влада, колку расчистени случаеви имаме мислам на криминални со претходната Влада. Колку убиства имаме расчистено со оваа Влада, колку нерасчистени убиства, мистериозни убиства останаа од претходната Влада. Да продолжам во тој континуитет, за да дојдеме

дека не станува збор за осамен остров на афера, а сега да се сконцентрираме со сите сили на неа, туку станува збор за еден континуитет кој можеме да го следиме многу активно од кампањата на локалните избори, каде е промовирана една единствена теза со сите сили, со сите средства, ако треба и институциите на оваа држава нека пропаднат, меѓутоа, оваа Влада треба да падне и на нивно место да дојдат припадниците на главната опозициона партија СДСМ.

Навистина континуитетот на тие афери од кои се згрозуваат пратениците на СДСМ се бројни, навистина треба да се згрозуваме на многу од тие афери ако навистина се вистински. Само ќе дадам еден список. Кампањата почна уште од предизборната кампања за локалните избори, каде ќе потсетам дека владеачката структура воопшто не учествуваше во кампањата за локални избори, а од друга страна имавме терминологија и речник на вербален тероризам кој можеме слободно да го кажеме дека не бираше ниту средства, ниту во партиските, ниту во државните, ниту во личните напади, едноставно, вербалниот тероризам беше наметнат како стил на работењето на СДСМ. Оттогаш до денеска тоа не е престанато. Секојдневно се измислуваат нови афери, нови настани.

После локалните избори беше промовиран планот Б за рушење на Владата, планот Ц, воениот план имаше обиди со јасни и јавни демонстрации да се влезе во институциите на системот по школата на она што се случуваше кај нашите соседи.

Вториот план незнам Б или Ц беше промовиран стилот на купување на пратеници од тогашната власт со цел да се формира ново парламентарно мнозинство и купувањето на тие пратеници беше промовирано како врвна демократија во РМ. Сите се сеќаваме многу добро на тој период и овие афери како афера се измисли афера околу Охридското Езеро. Неколку месеци македонските граѓани беа преокупирани дека оваа Влада го продава Охридското Езеро на Албанија, при тоа да не се констатира дека нивото на истото тоа езеро три пати за време на СДСМ паѓало далеку пониско од она што беше тогаш и денеска што го имаме во РМ. Меѓутоа, едноставно, аферите се штанцуваат. Едната трае три дена, другата еден месец, третата може два месеци и на тој начин имаме афера за афера.

Потоа се отвори кампања против Спогодбата за асоцијација и стабилизација на Република Македонија. Одеднаш оваа Влада се согласи дека е државен предавник во РМ, затоа што сака да потпише таков договор за асоцијација и стабилизација која незнам каде ќе ја однесе Македонија. Едноставно, кампањата беше жестока и не за друго, ќе ве потсетам почитувани пратеници на СДСМ, кампањата беше да не се потпише Договорот за Спогодба и асоцијација.

Понатаму, се отвори кампања врз амбасадорите. Секој амбасадор кој кажа добра реченица за оваа Влада беше на мета на најжесток, на најдолен напад во нашите медиуми, повторно ќе кажам, под контрола на истата таа опозиција. Не се бираа средства во девалвирањето на пријателите на РМ заборавајќи една единствена работа дека тие амбасадори не се пријатели на оваа Влада, затоа што се многу убави, туку затоа што сметаат дека оваа Влада прави потези реформски и она што тие едноставно сметаат дека е европеизација и приближување кон евроатланската ориентација.

Се отворија напади врз МПЦ, затоа што ја чувствуваат дека таа МПЦ на некој начин има соработка и поддршка од истата оваа Влада. На се бираат зборови во девалвирањето на владиците и луѓето кои треба да бидат носители на духовното раѓање на нашата држава, нормално во сферата каде имаат верници.

Она што е многу интересно се промовира блокада на Парламентот и таа блокада на Парламентот и ден денеска трае. Блокадата на Парламентот е со теза дека секогаш мора да има 61 пратеник, тоа значи дека едноставно се оди со една деструкција на работата на Парламентот иако е многу јасно дека се работи за обичен кворум. Незнам дали знаете дека во Британскиот парламент од 650 пратеници за кворум и да работи Парламентот потребни се само 18 пратеника. Ние тоа го избираме како врвна теза за да се види дали Владата има поддршка или нема иако е јасно дека поддршката се изразува во момент на доверба, недоверба или на поддршка или неподдршка на некој министер.

Она што е многу специфично мислам дека е навистина добар показател свесно се блокира веќе неколку месеци Законот за одбрана на РМ. Услов на РМ за приближување кон НАТО - пактот. И покрај тоа што има јасни оценки на експертите од меѓународната заедница на НАТО - пактот постојано се наоѓаат некои запирки, а јас можам да ви кажам тој закон лично не и е потребен на оваа Влада. Оваа Влада и министерот за одбрана и со овој закон и со

стариот закон си владее со Министерството за одбрана. Овој закон и е потребен на РМ. СДСМ демонстрира сила.

Еве уште еден пример дека во деструкцијата, во нападот со цел да падне оваа Влада едноставно се удира и на основните елементи кои оваа држава заеднички треба да ги направи. Ние ни со Уставни со закон не треба да собереме 80 пратеника да го изгласаме тој закон. Тоа е морална обврска на сите парламентарци во нашиот Парламент.

Се отвори аферата некој преговара за името на РМ. Влеговме во еден виртуелен свет во кој некој некогаш победил во битката за името и сега оваа Влада измислува преговори. Само ќе потсетам и преговарачот е оној истиот кој го наследивме од СДСМ, а институциите во кои сме влезени под името БЈРМ можете да ги видите секој ден во македонските весници како реклама за да се потсетите кој и кога го продаде името на Република Македонија. Ние само констатираме една битка дали има или нема преговори за името. Има. Исти такви какви што ги наследивме од Социјалдемократскиот сојуз и сега тие си продолжуваат.

Терористичките напади се посебна приказна во целата оваа ситуација. Факт е дека ние во Република Македонија имаме континуитет на терористички напади. Меѓутоа, што е она што е интересното. Во секоја нормална држава терористичкиот напад е знак на национална и државна хомогенизација на политичките партии, на власта и на опозицијата и на се она што значи одговорна структура во таа држава. Погледнете ги примерите. Во Шпанија на 15 дена пука бомба, во Грција годишно има најмалку по две терористички акции од класичен политички аспект. Во соседна Југославија од 1 јануари до денеска има 100 терористички акции, вчера ги објавија, со убивање на полицајци, со бомби, со рекетирање и со незнам што. Во Велика Британија и незнам, да не ги бројам сите држави каде што има карактеристични терористички акции. Во сите тие држави не можете да најдете пример, дека заради терористичките акции опозицијата другиот ден излегува и вели, треба да падне Владата. Напротив. Имате заеднички демонстрации за мир, за смирување и едноставно тоа е моментот кога сите ја покажуваат одговорноста кон сопствената држава. Во Република Македонија, извинете, ама имам чувство, СДС се радува после секој терористички напад. Едноставно, не можете да ја скриете радоста што некаде пукнала бомба или некаде не дај Боже е повреден некој орган на нашите институции. Меѓутоа, тоа го гледаме и од вашите изјави, гледаме и од медиумите кои се под вас. После кој терористички напад вие се хомогенизиравте и рековте дајте заеднички да направиме политика како да ја браниме Република Македонија. И веднаш со тоа доаѓа новата афера.

Најпрвин, постојано се обвинува Министерството за внатрешни работи или Министерството за одбрана дека недоволно се активни. Во моментот кога истите тие органи ќе ги пречекорат своите овластувања, па со недели трае обратната кампања, зошто ги пречекориле своите овластувања. Едноставно, што и да се направи од основните столбови на безбедноста на Република Македонија, дали Министерството за внатрешни работи или одбраната, тоа е подложно на месеци со критики. Едноставно и на оваа страна да се тргне и на оваа страна, ние имаме критика и тоа критика токму на она што го потенцирам, суштествени елементи на безбедноста на оваа држава и на граѓаните во оваа држава. Нормално, само ќе дополнам, еве деновиве, ако ги слушаме некои медиуми кои се под контрола на Социјалдемократскиот сојуз, ние утре треба да тргнеме во војна. Таква е атмосферата. Ние ако ги анализираме денеска медиумите на Социјалдемократскиот сојуз, слободно можеме да констатираме дека се наоѓаме во пред воена хистерија и дека утре треба да тргнеме со борбените коли, со тенковите, едноставно, да се бориме. Тоа е она за што сакав да го спомнам како краток континуитет каде што, во точка 6 или 7 од овие 15-тина примери се наоѓа и аферата прислушкување.

Меѓутоа, кога станува збор за аферата прислушкување, јас само можам сега да се задржам на она со што почнав. Прислушкувањето во Република Македонија очигледно има подолга историја во демократијата од 10 години, не навраќајќи се што било порано и како било порано и само ќе спомнам дека аферата "Дувло", аферата "Сина птица", со многу појасни докази од овие листови на хартија кои ги имаме денеска беа изнесени пред македонската јавноста некаде 1993-1994 година, не се сеќавам точно кога беше или 1992 година. Во таа афера имавме снимка каде што вашиот началник на државна безбедност на членови на ВМРО-ДПМНЕ тогаш со формални книшки им кажува дека нивната паравоена структура која ја формираа во тоа време, не се сеќавам на

името, Национална гарда на Македонија, треба да убива, ако треба и премиерот на државата и претседателот на државата и министри, во интерес на Република Македонија. Тоа целата македонска јавност го виде на видео касета. Луѓето што тоа го зборуваа беа високи претставници ако не и началници на државата безбедност во тоа време. После тоа излеговме со писмени материјали, со потписи, со презимиња на следење на штабот на ВМРО - ДПМНЕ и на луѓе во ВМРО - ДПМНЕ.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Каде е завршетокот на таа афера. Најверојатно ако тогаш таа афера завршеше и ако се формализираше ние никогаш немаше да имаме такви ситуации какви што имаме денеска. Јас само ќе додадам дека во таа насока, мене ми е жал што Комисијата одбива да ја разгледа втората точка каде што има 1000 страници непотпишани документи на директно следење и оперативни акции против ВМРО -ДПМНЕ и разни претставници на опозицијата во тоа време додека владееше СДСМ.

Јас не ги споменувам тие примери за да направам некакво алиби на она што денеска ни се случува во Македонија, затоа што повторно ќе го кажам она што на самиот почеток го кажав. Во овој случај мора не со викање, не со тоа кој е посилен и кој е погласен, туку формално правно да го завршиме. Сите кои се учесници во оваа афера ако сакаат да избегаат од оваа афера ние нема да им дозволиме, повторно не со викање, со една формално правна процедура во македонскиот Парламент. И едноставно независно од каде доаѓа оваа афера и кој кого наместил во оваа афера тоа ќе си го види на крајот тој што е наместен. Едно е јасно. Ние како политички партии еднаш за секогаш треба на сите вакви служби или структури да им кажеме, да им дадеме до знаење дека Република Македонија веќе не трпи вакви аферашки приоди и треба да им кажеме дека на ниедна структура нема да и дозволи да си игра со политичките животи и политичката демократија во нашата држава.

Она што до тогаш, додека правно не се формализира целиот случај останува да виси е следното.

Крајно несериозниот однос на луѓе кои управувале со оваа држава и биле одговорни на разни функции во деконспирирањето на државните тајни на Република Македонија. Со големо задоволство многу наши соседи и многу заинтересирани за Македонија уживаа кога бившиот премиер на Република Македонија, бивши началници на државна безбедност, бивши директори на ваква или онаква служба со задоволство се фалеа што знаат тие како има нешто во државата или како функционира нешто во државата. За среќа имаше и такви претставници кои достојно и јасно и многу коректно зборуваа за она на што некогаш биле директори или началници. Ваквиот пристап на СДСМ само уште еднаш потврдува колку тие не бираат средства во својата основна и единствена цел да ја срушат оваа Влада и тие да дојдат на нејзиното место.

Ќе кажам уште еден пример. Во сите тие листови на хартија недвосмислено се покажува дека има очигледно еден документ на кој можат сите да се повикаат. Тоа е документот под шифра "Железничар" во кој е утврдено потпишување од страна на министерот Павле Трајанов за следење и прислушкување на некој албански новинар вработен во весникот "Факти". Очигледно дека постоењето на ваков документ никој не го негира, или барем делови од таков документ, не можам терминологијата до крај да ја исчистам, меѓутоа очигледно дека постои тоа. Она што можам да го коментирам е следново.

Мене ми е навистина задоволство што денеска после повеќе месеци од смената на господинот Павле Трајанов опозицијата од страна на СДСМ ми дава уште еден аргумент зошто господинот Павле Трајанов требало да биде сменет, затоа што очигледно дека тој како министер за внатрешни работи си водел сопствена политика во тоа Министерство и си правел сам комбинации кој треба да биде прислушкуван или не треба да биде прислушкуван. Нормално, моралната обврска како премиер, бидејќи сум бил во таа улога кога тој бил министер постои како морална одговорност и покрај тоа што можам да ви тврдам дека тоа е сопствена одговорност на министерот за внатрешни работи, меѓутоа она што ми е посебно интересно и што сакам посебно да го коментирам е фактот што тој крунски сведок кој постојано се спомнува, фамозен крунски сведок е толку совесен граѓанин на Република Македонија што го потпишал на недемократски начин неговиот министер во тоа време му го дал на СДСМ. Тоа е работа која вие сметате дека е максимално позитивна и максимално за фалење и дека тој човек ние треба да го заштитиме во таа процедура.

Почитувани пратеници, јас за ова немам некој посебен коментар. Незнаејќи го фамозниот крунски сведок, меѓутоа ќе ви

кажам една работа. Сигурно тој крунски сведок не му е единствениот документ што го има во прислушкувањето на тој албански новинар. Тој крунски сведок сигурно ги имал и сите оние документи од 1000 страници кои ќе ги разгледуваме на некоја наредна седница со потписи на следење на ВМРО - ДПМНЕ, на членови, на лидери на опозиции, меѓутоа совеста никако не му проработила во тоа време. Сега му проработила совеста на крунскиот сведок. Во таа насока јас само можам да ви кажам едно, она што го спомена господинот Џафери пред неколку дена. Жално е што во Република Македонија во многу структури на администрацијата нема работници и административци кои се лојални на системот, туку има работници кои се лојални на партии. Денеска со задоволство читаме во медиумите како структурите на Владата на Република Македонија, има и такви термини, се како швајцарско сирење и од нив протекуваат документи вакви или такви. Точно е така. Ние апсолутно ја делиме констатацијата со вас дека од институциите на системот, од министерствата, од сите министерства течат документи по медиумите кои ги контролира СДСМ. Еден министер пред некој ден ни се жали дека целата документација што имала формулација строго доверливо му ја нема во касата. Не се работи за МВР, за сосема друго министерство се работи. Тоа е работа со која се гордее СДСМ и тоа е работа со која се гордеат нивните медиуми, што се толку моќни, што секое министерство, секој документ во секое време им е пристапен. Ако им е тоа демократијата за која зборуваме, ако е тоа департизацијата за која зборуваме, ако тоа е тоталитарната држава за која зборувате, ја спроведува оваа Влада или демократијата за која вие се залагате, вие зборувате, мислам дека далеку сме од основните сфаќања што е тоа демократија, што е тоа непартиска држава и служење на институциите на системот, а не да се докажуваме кој колку документи може да однесе во СДСМ и таму да биде награден од страна на таа структура. Напротив, тоа се токму тие негативни примери на кои треба да се учиме и на кои уште еднаш треба да останеме доследни и цврсти не само како политика за која демонстриравме денеска, туку и во нашата намера денеска да го расчистиме овој случај до крај. Јас само уште еднаш ќе го потенцирам, независно од тетката која многу вика во кавгата, тоа ќе биде СДСМ и понатаму во наредните неколку денови, оваа Влада нема толку многу да вика, меѓутоа правно нормално ќе ја истераме процедурата до крај, а посебно ни е задоволство што господинот Никола Поповски изрази голема верба во институциите на судскиот систем во Република Македонија кога кажа дека тој е уверен дека преку судскиот систем сега или малку подоцна премиерот и министерот сепак ќе завршат со оставка. Ваквиот оптимизам и верба во една државна институција навистина е посебно убаво да се чуе од страна на еден опозиционен пратеник кој обично сите институции ги негира, навистина ми е посебно задоволство што вербата во судскиот систем сепак е на едно високо ниво и мојата верба е исто така во судскиот систем во Република Македонија и заеднички ќе се бориме да го дотераме случајот до крај. Во секој момент кога судскиот систем ќе и се пожали на опозицијата дека оваа извршна Влада ја блокира во некое нервно барање, сака тоа јавно да не известите, јас ќе бидам првиот во рамките на моите надлежности што ќе ја откочиме таа блокада каде што сметате сите вие заеднички дека има блокада.

Еве, ова е што сакам да го кажам за оваа дискусија, ви благодарам многу за сослушувањето. (Аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Поповски бара реплика.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Само би сакал да го потсетам г-динот Георѓиевски, како премиер, дека во ноември 1998 година кога тој од опозиција премина во позиција, е далеку, и очигледно он тоа го заборавил.

Г-дине премиер, денес на дневен ред е прислушувањето кое го врши Министерството чии сте вие премиер. Воопшто не е на дневен ред историјатот на СДСМ.

Меѓутоа мислам дека требаше сега навистина да ве потсетам дека збор не кажавте за прислушкувањето, освен што рековте за тоа е виновен СДСМ. Тоа е денес темата. Се додека се избегнува да расправате сериозно за тоа, вие ќе убедите неколку луѓе во државава и тоа сериозната јавност во оваа држава, токму со овој говор ја уверивте дека вашата единствена цел денес беше да ја изместите точката на расправа од аферата прислушување и последиците во политичкиот, кривичниот и другиот аспект на таа афера во нашата држава, кон некаква дебата, кој министер во кое сефови што чува и како СДСМ, наводно со нејзини опозициони медиуми нешто прави.

Г-дине Ѓеорѓиевски очекував од вас многу по сериозен пристап во врска со

фактот дека Владата на чие чело сте, е одговорна во врска со масовно прислушкување од политички причини, што исто така испуштивте дека е констатирано во заклучоците за кои вашите пратеници гласаа. Констатацијата е во извештајот што го имаме, дека прислушкувањето било политички мотивирано и дека тоа се гледа во заклучоците на Комисијата. Вие овде се однесувате како да имаме ние некој предизборен митинг на кој немате никаква потреба да се осврнете на проблемот, на кој немате потреба да не известите што се случува. Едноставно СДСМ е крив. Навистина ли вие мислите дека ние ќе веруваме дека со ваков говор ќе не уверите дека нема прислушување. Секој човек во оваа држава кој се соочи со својот стенограм виде дека е прислушкуван. Вие сега сакате да не уверите, вие имате поддршка, незнам од НАТО, ние за законот за одбрана сме биле виновни, ние сме имале афера Дувло 1993 година, настапувате како опозиционер. Јас мислам дека навистина треба сериозно на нацијата треба да и образложите што е тоа што се случува во вашата Влада заради тоа што масовно ја прислушкувате сопствената нација, а не да ни кажувате историјат за СДСМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Премиерот Љупчо Георгиевски има одговор на репликата.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Незнам колку аргументи да дадам. Не сум оптимист дека било кога ќе го уверам пратеникот Никола Поповски во аргументите на оваа Влада. Затоа и не треба да се разочарува што не го убедив во моите аргументи. Ако успеав да го убедам сигурно тој сега нема да е во СДСМ, туку најверојатно ќе биде пратеник во ВМРО-ДПМНЕ.

Што се однесува за контекстот за кој зборувам и во кој ја ставив оваа афера прислушкување, исто така морам да потсетам дека очигледно пратеникот Никола Поповски го заборави првиот дел од своето излагање каде што истиот зборуваше за контекстот на кој се надоградува оваа афера прислушкување. Јас на самиот почеток кажав дека го почитувам контекстот на Никола Поповски и едноставно продолжувам само малку тој контекст да го проширам, затоа што тој застана некаде. Така што како што вие зборувавте, така јас на некој начин и ви одговарав.

Инаку што се однесува до самата афера, јас можам да ви го кажам следново, а тоа е дека имаме извештај на Комисијата. Ние сме правна држава. Ако имате повеќе аргументи, приложете ги. Ние сме тука и сите ќе ги прифатиме и за разлика од вас што никогаш не можеме да ве убедиме, јас ви гарантирам дека ние ќе прифатиме да бидеме убедени. Меѓутоа, факт е дека во овој момент, она што го констатира Комисијата, чиј претседател е г-динот Љупчо Поповски е јасно дефинирана во точките кои се доставија до сите нас. И она што го коментираме денеска е тоа. Секоја плус информација, плус извор, плус документ што го имате, приложете го, ние не сакаме денес да ја затвориме оваа афера. Јас самиот неколку пати ви реков дека ние сме тие кој ќе ја држиме оваа афера отворена. Така што ова за што дискутираме денеска е извештајот кој го имаме ние денес пред вас. Тоа е она што го дискутираме.

Заборавив да го лоцирам моментот кога беше отворена оваа афера.

Мене ми е жал што оваа афера не беше отворена тогаш кога била нај зрела и за што СДСМ имаше најмногу потреба. Неколку претставници на ДА кажаа дека во август односно септември ги имале документите.

Огромно прашање на кое СДСМ до ден денес на никого не го одговори е зошто тој пресуден момент, кога требаше да падне Владата на ВМРО - ДПМНЕ и нејзините коалициони партнери, не го извади тој, токму крунски доказ, туку мораше да се чека, да појде делегацијата на СДСМ во Софија, па лидерот на таа партија да изјави дека ги прифаќа договорите потпишани меѓу Владата на Република Македонија и Бугарската Влада и дека ќе ги почитува тие договори, на што ни еден медиум во Република Македонија не стави акцент, а за да се покрие тој став со кој СДСМ пораснува малку и прави еден добар меѓународен потег, што ние го поздравуваме, се отвори аферата за да се заташка таа изјава. Јас и ден денеска сум убеден дека оваа афера не беше отворена во кризниот момент кога најмногу ни беше потребна, туку во еден сосема друг политички момент, токму од тие причини. Вие на тоа давате аргумент кој допрва треба да се одговори пред македонската јавност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика има ѓ-ѓица Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Г-дине Георгиевски, г-дине премиер, Вие денес манифестирате еден свој личен проблем кој што ви останал да биде ваш личен проблем и навистина не би

требало да ве засега, доколку не бевте на позицијата на која што сте, премиер на оваа држава, па поради што овој проблем станува проблем и на Македонија.

Вие денес, можеби не за прв пат, меѓутоа пред Собранието на Република Македонија докажавте дека имате, јас морам да кажам, само вистинска параноја и дека таа параноја не ви дозволува да направите разлика помеѓу она што во секоја демократска држава се вика јавност на она што се нарекува опозиција. Вие овде, всушност кажавте, овде на парламентарната говорница дека Македонија не е демократска држава заради тоа што сите медиуми ги сведовте на опозиционен медиум, заради тоа што се она што е кажано, откриено, отворено, анализирано од страна на сите медиуми кој вие сметате дека не ви се наклонети го ставивте како дел од некоја кампања на некоја замислена опозиција која што според Вашите зборови навистина е бескрајно моќна. И мене како пратеник на СДСМ помалку ми годи тој ваш став дека СДСМ е некоја моќна структура од која што, еве дури и премиерот на оваа држава се плаши. Меѓутоа мислам дека тоа не е добро за оваа држава. Не е добро кога ќе се каже дека проблем на државата е тоа кога во јавноста ќе излезат документите што вие ги спомнувавте од едно, второ или трето министерство. Г-дине премиер, јасно е, во секоја демократска држава дека кога сакате да скриете, да затворите во сеф или во фиока она што јавноста има потреба да го знае, тоа ќе дојде некако до јавноста, на еден или друг начин. Ве уверуваме дека никогаш речиси не е потребно тоа да го направи опозицијата. Имаме доволен број на медиуми, имаме доволен број навистина квалитетни новинари и тоа тие ќе го направат. Меѓутоа она што вие овде го правите навистина е едно, за мене неприфатливо однесување на премиер кон сопствената опозиција која што ја обвинувате апсолутно за се. Ако на нас ни се простува кога сме малку по критични кон власта мислам дека на премиер на една држава не му доликува едно такво однесување.

Вие спомнавте дека СДСМ практично води кампања, како што го кажавте, претпоставувам дека тоа е ваш ... израз - вербален тероризам. Па вие зборувате на оваа говорница. Вие тоа веќе го направивте пред новинари. Меѓутоа тоа денес директно ни го кажувате. Сега спомнувате дека вербалниот тероризам настанал за време на локалните избори. Се сеќавате тоа беа локални избори каде што луѓе загинаа. Тоа беа луѓе кој работеа, помагаа на опозицијата. Тоа беа исти овие локални избори за кои странци, набљудувачи, професионалци, странски експерти кажаа дека за време на кампањата, таа била мирна и смирена. Вие велите дека во истото тоа време се случува вербален тероризам. Изгледа овие експерти не слушале што се случува. Меѓутоа да обвинувате дека СДСМ или опозицијата создава афери, тоа навистина е надвор од паметот. Вие прво велите дека има прислушкување, за потоа да кажете дека нема прислушкување. Прво велите дека Владата ќе расчистува до крај, за потоа да кажете дека всушност нема што да расчистува. Вие велите, судството нека се пожали, ако има притисок, меѓутоа пред недела дена се виде дека тој притисок не само што постои, туку дека е јавен. Ова Собрание, ова парламентарно мнозинство одлучи на два пати целосно да не ги почитува одлуките на судскиот орган кој во оваа држава е задолжен да ги предлага судиите и тоа да го направи на најдиректен и најбезобразен начин. Навистина незнам до каде ќе одиме. Меѓутоа, ќе ве потсетам г-дине премиер на следното, бидејќи некој колеги се многу љубопитни околу тоа кој е изворот. Некој претпоставува дека оној кој не го кажува изворот дека всушност има сите информации и дека и шкоди на Република Македонија со тоа што не ги кажува. Меѓутоа, еве една ваша изјава, г-дине Георгиевски во врска со овој скандал. Вие во таа изјава тврдите дека во Македонија има многу структури што можат да се пофалат дека имаат можност да прислушкуваат. Тоа беше аргументот што го чекавме на говорницата, да излезете и да кажете тоа се тие структури за кој велам дека постои, за кој тврдам дека постојат и сега имаме податоци со кои ќе ве конфронтираме или со кој ќе ве сечеме. Меѓутоа, вие лесно ги давате изјавите и потоа не сносите никаква одговорност за тие и тие. Тоа не е дискусија која што се води во ова Собрание. Тоа е дискусија што се води за време на избори, меѓутоа повторно, од некоја многу по минорна партија, а не партијата на Власт. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор ѓ-ѓица Валентина Божиновска, пак реплика верувам, од ист принцип.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Почитуван претседателе, не е во ред деловнички да се јавувам, бидејќи нема причина да се јавувам да и реплицирам на

госпоѓица Радмила, исто како што не беше право да реплицира, бидејќи не беше спомната од страна на министерот, меѓутоа, госпоѓица Радмила морам да ви наговестам една работа, дека во овој миг ме потсетивте на она што го укажа премиерот како пример. Ме потсетивте на жената која вика кога се кара со другата жена и која во истиот миг не знае што зборува.

Можам да ви напомнам една работа дека во овој миг направивте атак врз мене, бидејќи се обидувам да бидам другата жена која молчи, која може да сугерира. Вашиот втор вербален тероризам госпоѓице Шеќеринска се додека оваа седница во овој миг не сфатите дека е дури и нелегитимна, а дури не е ни повикот на Анкетната комисија, ниту заклучоците кои ги имаме, ако сакате згора на тоа, можеме да не ги разгледуваме и одлуките на Владата, само од една единствена причина: политичкото шарлатанство на СДСМ, на Вашиот лидер дека некаде во време на локалните избори, според една негова лична хронологија се досети, се потсети дека може да соработува со господинот Тупурковски, во мигот кога се правеше новото мнозинство, во мигот кога длабоко веруваше дека Владата на Георгиевски треба да падне и дека е можно, новото мнозинство кои тие го подготвуваат, ќе се појави на политичката сцена на Македонија и згора на тоа, само со еден, единствен аргумент: не знаеја дека ВМРО-ДПМНЕ, ќе победи на локалните избори и не почувствуваа во тој момент, иако претпоставувам дека целата локација на прислушкувањето е токму во тој период. Зошто не беше случајно прислушкувањето да биде пред тоа, туку се случи токму во тој период со констатација, ако се случи да победи мнозинството на Црвенковски и Тупурковски, дека ќе дојде нова гарнитура и дека тогаш тие прислушкувања ќе можат да стојат некаде длабоко во фиоката, но овој пат мораа да бидат изнесени.

Се прашувам во овој миг, дали тортата, или свеќичките на господинот Црвенковски треба денеска да ги дувнеме, заради тоа што има една единствена замисла: дека ние сите заедно овдека, па дури и Владата и Собранието се подметнавме на свикување на ваква седница, која според мене нема никакви аргументи за свикување. Немаме реални докази, немаме реални заклучоци, немаме реално, или иреално сведоштво, не знаеме кој прислушкувал и какво е прислушкувањето. Згора на тоа, двата аргумента дали постоело масовно прислушкување, или пак, политичко прислушкување, кое не треба да постои во заклучоците, со една единствена замисла на господинот Црвенковски дека треба да падне Владата на Георгиевски, дека треба да се дестабилизира државата, дека треба странските претставници да ја изгубат довербата на оваа Влада.

Згора на тоа, ако може министерката за внатрешни работи да ја изгуби фотељата и функцијата. Значи, разговараме навистина, за еден вербален тероризам на Бранко Црвенковски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Морам да ви кажам дека седницата е свикана сосема во ред, во согласност со Деловникот и Законот, се е на место, имаме документ, имаме извештаи, имаме информација, имаме заклучоци од Комисијата, од надлежно тело и ќе продолжиме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 19,55 часот).